# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јуни 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 12,10 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше г-динот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници.

Продолжуваме со работа по Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдула Алиу и Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам заради евиденција да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници. По втората и третата точка замолен сум од министерот за финансии, г-динот Никола Груевски со оглед на некои негови обврски до 13,30 часот со претставници на ММФ да ги одложиме и да продолжиме кога ќе биде присутен.

Значи втората и третата точка да ги одложиме за после 13,30 часот, а да работиме по четвртата точка од дневниот ред.

Минуваме на точката Четири - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон.

И за оваа точка немаме претставник на Владата, според тоа да продолжиме да работиме по другите точки, за кои не е потребен претставник на Владата.

Минуваме на точката Пет - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската повелба за регионални или малцински јазици, со Предлог на закон.

По оваа точка немаме мислење од Владата, а процедурално Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон е и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Се јавува г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се извинувам, но по малку настана забуна на која точка сме сега од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Петтата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската повелба за регионални и малцински јазици, со Предлог на закон.

Таа е предложена од пратеник.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ако може, јас би почнал, доколку е согласен предлагачот, инаку тој што е предлагач има приоритет.

Ние за оваа точка немаме мислење од Владата. Генерално треба да ги кажеме нештата. Станува збор за Конвенција која е ратифицирана во Република Македонија и истата може во секој час нашиот законодавен дом да ја догради. Оттука, од процедурален аспект нема тешкотии, но тешкотии има во оживувањето на одредбите кои би станале дел од домашното законодавство.

Сакам да му укажам на предлагачот дека најпогоден начин е најнапред чувствителните нешта да ги договори, да поразговара со претставници од Владата и потоа да одат во процедура.

Јас сакам да го повикам, оваа точка самиот да ја повлече од дебатата.

Мене лично ми е жал што немаше готовност да остане на дневен ред во комисиите, а тука е на дневен ред многу напред и нема да стигнеме ниту со овие теми, ниту ќе се унапредат аспектите кои се опфатени со предлогот на г-динот Биљали.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За оваа точка немаме мислење од Владата, иако е побарано.

Јас незнам од кои причини Владата не го зазела својот став, но тоа не пречи ние да водиме расправа.

За збор се јави г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

Тоа е сосема јасно што немаме мислење од Владата, иако не е ништо трагично, од причина што Владата не бара

од нас мислење кога предлага закони и тука како рамноправни предлагачи мислам треба да се согласиме дека ништо нема трагично.

Имено едно мислење, бидејќи една варијанта од овој предлог беше поднесено во јуни минатата година и тогаш добивме со задоцнување кое и не беше никакво мислење, меѓутоа се викаше мислење, јас не успеав да прочитам што сакаше Владата да каже освен што не сакаше да каже да се донесе Закон за ратификација на оваа Повелба. Меѓутоа тоа си е друга тема, а по однос на точката јас би го кажал следното.

Мислам дека се работи за една многу важна точка од дневниот ред и првенствено се работи за витален интерес на РМ, граѓаните на РМ за да се ратификува овој меѓународно правен акт со кој најмногу добива РМ како држава.

После паѓањето на еднопартиските структури во 90-тите години во Источна Европа практично еуфорично се појавија желбите на тие бивши диктатури, да се вклучат преку ноќ во интеграционите процеси на Европската Унија и другите европски интеграциони процеси. Тоа си беа желби, меѓутоа преку ноќ овие работи не се прават така, имено и самата ЕУ поминала неколку децении за да стигне до овој степен на интеграција, така што Советот на Европа како една преодна фаза, каде би требало тие земји да полагаат испити за својата зрелост кон патот на демократијата беа предвидени одделни услови. Значи, се работи сепак за земји кои имаа поинаков стандард, поинакво видување поинакво сфаќање во однос на демократските процеси, корпусот на правата на човекот, правата на националните заедници и т.н. и затоа Советот на Европа беше принуден да заземе генерален став, дека тие земји кои претендираат да се интегрираат во тие процеси би требало да исполнуваат неколку услови, конкретни услови за да можат да го направат првиот чекор кон тие европски интеграциони процеси. Тие услови беа во однос на неколку важни документи кои се однесуваат на локалната власт, на правата на човекот и т.н. Поконкретно се работи за најмалку три важни документи, како што е: Повелбата за локалната власт, Рамковната конвенција за националните малцинства и Повелбата за регионалните и малцинските јазици. Значи, државите кои претендираат да се вклучат во Советот на Европа треба да ги потпишат овие три акти со тенденции што побрзо истите и да ги ратификуваат. И Македонија ги потпишала сите три акти. Значи и Повелбата за локалната власт и Рамковната конвенција и Повелбата за националните и малцинските јазици, меѓутоа за разлика од првиот и вториот акт, кои се ратификувани од ова Собрание, односно од минатиот состав на Собранието, третиот акт односно Повелбата за регионалните и малцинските јазици на жалост сеуште не е ратификувана од овој дом, што мислам дека е голем минус и неминовно ќе се одрази во текот на преговорите, кои актуелно се водат помеѓу РМ и Европската Унија за статусот на асоцијативен член на Европската Унија, односно склучување на договор за стабилизација и асоцијација.

Имено, бидејќи Македонија е членка на Советот на Европа, тоа значи дека е потписник на Статутот на Советот на Европа, ако сте го прочитале тој Статут јас верувам дека мнозинството го има прочитано, членот 3 на Статутот на Советот на Европа предвидува државите членки активно да соработуваат во остварувањето на главните цели на Советот на Европа, а тие цели се: правната држава, плуралната демократија, пазарната економија, корпусот на правата на човекот особено на националните заедници, кои овој Статут скоро ги стави на ниво на позитивна дискриминација и усогласување на законодавството. Значи, овие факти, цели кои произлегуваат од Статутот на Советот на Европа претставуваат императивна норма за нашите институции.

Практично, овие цели од Статутот на Советот на Европа сега веќе не се цели, тие се услови, Услови по самиот факт што ние водиме преговори за да се здобиеме со статус на асоцијативна членка на Европската Унија. Практично, овие цели во Советот на Европа веќе се услови кои би требало да се исполнат за да се склучи Договор за стабилизација и асоцијација со Европската Унија.

Значи, интерес на Република Македонија е што побрзо да го ратификува и овој документ, иако на жалост овој документ е потпишан пред четири години сеуште не е ратификуван и тоа е голем минус за рејтингот и имиџот на државата.

Што е целта на Предлогот на законот, кој јас ви го нудам Вас.

Целта е и оваа Конвенција, како двата претходни акта од Советот на Европа да постанат дел од правниот поредок. Значи оваа Конвенција да влезе во сила и практично да го поправиме имиџот на државата особено сега.

Имено, наеднаш тоа што е составен дел на оваа Конвенција или повелба

произлезе и од нашите севкупни определби, па дури имавме и конкретни ветувања од коалицијата за промени и од нивниот коалиционен партнер.

Важно е да се спомене прашањето на селекцијата која според Пактот се предвидува можноста државите на по флексибилен начин да може да вршат селекција на правата за национални заедници. Имено, слободно државата можат да се определат помеѓу 35 члена, параграфи и т.н. и можат слободно по нивните услови да се определат дали ќе ги прифатат нашите високи стандарди за правата на националните заедници, во културата, образованието, јазикот и т.н. дали ќе се определат за таканаречени средни стандарди за овие права или пак ќе се определат за пониските стандарди на овие права.

Бидејќи ние како држава веќе подолго време се рекламираме дека ги почитуваме највисоките права во овој домен и јас воопшто нема причина да се сомневам дека не е така. Јас мислам дека сум постапил по таква генерална линија и политика која се води тука и јас ги предлагав тие принципи, односно највисоките принципи што е декларативна политика не само на актуелната власт, туку и од минатата власт. Со тоа јас мислам дека ќе направиме многу важна работа, од причина што практично со имплементацијата на тие начела и принципи, параграфи и т.н. ќе нестанат дел од објективите кои можат да се нарекуваат на жалост меѓуетнички конфликти, така што ова Собрание многу повеќе ќе и се посвети на економијата, на социјалата и другите проблеми на граѓаните кои се исто така витални проблеми на граѓаните.

Околу мислењето на Владата, претходното мислење на Владата, иако сега немаме мислење беше доста не објаснето што всушност сакаше Владата да каже освен што беше многу јасно, дека таа не сака да се донесе ваква Конвенција, да се ратификува ваква Конвенција.

Мислењето се повикува на членот 19 од Законот за потпишување ратификување и извршување на меѓународните договори. Земете го тој Закон и прочитајте го членот 19, мислам дека нема воопшто врска со тоа дали смее пратени да предложи закон за ратификување на меѓународна конвенција или не.

Имено, самиот факт што меѓународните документи се ратификуваат со Закон очигледно е дека тоа право според Уставот го имаат и пратениците исто така како и Владата, а исто така како и десет илјади граѓани со право на глас, сосема е логично дека тоа право припаѓа и на пратеникот и на група пратеници и т.н.

Значи Владата во конкретниот случај или незнае да го прочита законот или се преправа дека не знае да го прочита, или не сака да го разбере тоа што пишува. Меѓутоа очигледно е дека предлагачот е легитимен според постојните позитивни акти на Република Македонија.

Членот 19 на Законот на кој се повикува Владата, тоа е Законот за склучување, потпишување и ратификација на легитимните договори се однесува само на оперативниот дел, функционалниот дел во однос на органите на управата, надлежните министерства и Владата. Воопшто тој Закон не задира во правото на пратеникот да предлага закон, па и Закон за ратификација на меѓународно правен документ. Инаку ќе бевме единствена држава во светот која забранува на пратениците да предлагаат Закони за ратификување на меѓународен документ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали, предлагач на овој закон за образложението.

За збор се јави г-динот пратеник Александар Трпевски.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, од предлогот што го поднесе пратеникот Биљали, се гледа дека Македонија веќе го направила првиот и најзначаен чекор. Станала потписничка на Европската повелба за регионалните и малцинските јазици уште во 1996 година.

Самиот овој факт, кој патем јас намерно го потенцирам, укажува дека Македонија како држава имала доволно количество на изострено политичко чувство, имала смисла за проценки на своите обврски кон националните малцинства, нивните права и слобода и врз таа основа уште во 1996 година, значи само неколку години по нејзиното донесување. Го ставила својот потпис на Европската повелба за регионалните и малцинските јазици. Сето тоа воопшто не е спорно од било кој агол на гледање. Ако Македонија се решила да го стави својот потпис на еден ваков значаен меѓународен документ за заштита на одредени права и слободи на малцинствата,

тоа значи дека оваа држава, која исто така сакам да ја потенцирам, некои претставници на политичката елита на истите тие малцинства, немаат должно почитување и респект и заслужува највисоко признание. Што сакам да кажам со ова?

Јас не сум некој стручњак за меѓународно право, впрочем, како и најголем дел од пратениците во Собранието, меѓутоа, читајќи го текстот на повелбата доволно сум упатен, за да заклучам дека најголем дел од нејзините одредби, можеби и повеќе од 95%, ако го квалифицираме тој сооднос веќе се спроведени во дело во нашата држава, токму на планот на заштита на малцинските јазици.

Имено, во делот 3 на Повелбата, дадена е проекција според која секоја држава потписничка се обврзува да применува најмалку 35 параграфи или алинеи. Имам чувство, читајќи ја Повелбата, дека сите обврски се веќе спроведени во практика. На пример, во областа на образованието, ако зборуваме за предучилишното, основното или средното образование, имаме целосна примена на Повелбата. За високото образование во тек е процедура, со која ќе се регулира и ова прашање.

Ако веќе ги спомнувам и другите поглавја, тогаш да кажам дека во делот кој се однесува на судската власт, локалната самоуправа, медиумите или културните активности и институции, имаме ситуација во која најголем дел од обврските што произлегуваат од Повелбата за заштита на малцинските јазици, се веќе претворени во секојдневна практика. Дали во кривичната постапка или во граѓанската постапка, во судовите, малцинствата имаат право на употреба на својот јазик. Имаат. Дали државата нешто сторила за поттикнување на електронските и печатните медиуми на јазиците на националностите. Одговорот е, секако, да. Свртете со својот далечински управувач на својот телевизор или радио приемник, па ќе видите колку радио и ТВ канали има на јазиците на националностите. Колку весници и списанија има. Да не зборуваме за културата или меѓу граничната размена и соработка.

Со ова сакам да кажам дека оваа иницијатива на пратеникот Биљали или Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската повелба, не е непотребно. Меѓутоа, не е најзначајна работа во државата.

Во овој момент Македонија не е држава, која со своето законодавство, а и со својата практика заостанува зад Меѓународната Повелба и Конвенција, барем што се однесува до сферата за заштита на малцинските правата и слободи. Напротив, сметам со полно право дека Македонија, ако не пошироко, барем во овој регион на Југоисточна Европа предначи во секој поглед и убедливо се наоѓа на челното место во заштитата на малцинските права и слобода.

Ако некој не сака да го признае лидерството во другите сфери, барем во оваа област, ние Македонците сме не прикосновени лидери. За жал, велам, можеби и на наша штета. Зошто го велам ова? Ако го гледаме изолирано овој Предлог на закон, тогаш се е во ред. Меѓутоа, ако се потсетиме дека се уште имаме не завршена расправа по предлогот на господинот Стојан Андов за Конвенцијата за правата на малцинствата меѓу Албанија и Македонија, ќе се присетиме дека, всушност, постои една голема не принципиелност. Истата оваа пратеничка група, која сега стои зад овој предлог на Биљали, го употреби целокупниот свој потенцијал да ни докаже дека таков документ не е потребен и дека меѓу двете држави нема потреба од регулирање на односите на ваков начин.

Според тоа, дали предлогот на Биљали не коинцидира со предлогот на Стојан Андов. Го имам следното чувство. Не само албанското малцинство, слично се однесуваат и другите малцинства односно нивните политички претставници, не водејќи сметка за реалната политика, економската, социјалната, па и ако сакате, геополитичката состојба во регионот. Ќе простите на изразот ја силуваат државата и нејзините институции со своите најразлични предлози за проширување на правата на малцинствата, не водејќи сметка притоа за прагот на издржливост и толеранција на Македонската држава и Македонскиот народ како мнозински народ. Фрапира брзината со која политичката елита на албанската националност, речиси секојдневно ги бомбардира институциите на власта, каде што една иницијатива сменуваат со друга, еден предлог, уште така речиси не се оладил, а доаѓа нов уште по радикален, уште пожесток во обемот и содржината на своите барања. И, не само институциите и самата јавност преку изјави на челници и други личности од политичкиот фактор од албанската националност, секојдневно е принудена да се соочува со различни барања за нови освојувачки походи, за нови простори на права и слобода на Албанците, што само по себе е доста фрустрирано.

Македонскиот народ, а и другите националности се чувствуваат просто загрозени пред оваа канонада на предлози и предлози, барања и барања, кои стануваат просто не издржливи за тенката мембрана на нивните чувства, што само по себе под тој силен притисок, ги принудува да заземат одбранбен гард, наместо толерантен став или став на одбивност, наместо прифаќање.

Мислам дека за овој фактор, треба да се води поголема грижа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Трпевски за учество во расправата.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам јавно да ја поздравам иницијативата на г. Мерсел Биљали, конечно пред Собранието да имаме еден ваков документ, односно иницијатива за ратификација на документот за Европската повелба за регионални и малцински јазици. За тоа, колку е значајно за Република Македонија ратификацијата на еден ваков документ, мислам дека многу убедливо тоа го објасни г. Мерсел Биљали и јас искрено да ви кажам дека во Собранието ќе има поширока расправа на некој начин пореално да го согледуваме проблемот на употребата на јазиците на националностите во Република Македонија. Со оглед на тоа дека денеска секому му е јасно, едно од клучните прашања кои денеска, од страна на политичките партии на Албанците, посебно во Република Македонија перманентно се поставува, не дека се поставува само од страна на политичките елити, како што некој рече, туку тоа е едноставно барање на албанското население во Република Македонија. Со оглед дека една таква платформа за решавањето на проблемот на употребата на албанскиот јазик во институциите и се добија изборите од страна на двете политички партии албански денеска кои ги претставуваат Албанците во Република Македонија. Јас очекував дека ова ќе отвори поширока расправа и од една друга гледна точка, дека е ова еден голем испит пред Собранието на Република Македонија и пред политичките партии, кои ги претставуваат граѓаните на Република Македонија, јавно денеска да проговорат и да ги искажат нивните политички ставови околу тоа како навистина и до кој степен мислат да ги решаваат и да ја имплементираат употребата на јазикот на Албанците во Република Македонија. Чувме констатација од претходниот господин дека наводно во Република Македонија се е решено и дека употребата на јазикот на Албанците а и другите националности е на највисоко ниво. Но, она што стои како предлог од страна на пратеникот, не можам и никој не ме убедил дека навистина тоа е така. Затоа што, не случајно овдека се спомнати токму клучните сфери, каде што и ние бараме да се употреби јазикот, како што е во образованието, како што е во судството, како што е во локалната самоуправа и сите други сфери. А, по она што гледаме ние, дали навистина тоа е имплементирано, како што рече господинот никој не може да ме убеди дека е така.

Се спомна дека конечно го имаме решено прашањето на употребата на јазикот во средното образование, а последните настани во Република Македонија укажуваат на тоа дека ни далеку не сме од тоа да ги спроведеме. Едно обично право гарантирано не само со Повелбата, туку и со Уставот да може да се образува на албански јазик, иницијативата и дури Албанците во Битола, се виде каква реакција произведе, дали навистина овдека има спремност тоа да се оствари. Да не зборуваме за другиот степен, како што вие рековте, високото образование.

Навистина, овие денови овде во оптек е некоја варијанта за решавање на проблемот на високото образование, односно употребата на јазикот во високото образование, но нашите сознанија зборуваат дека приближно не е тоа што е барање на Албанците во Република Македонија. Затоа, ако се чита внимателно точката каде што зборува за стандардите за употреба од страна на господинот предлагач, се гледа дека таму зборува и бара, ако ние сме спремни овде како Собрание да го ратификуваме, да имаме комплетно образование, Универзитет на албански јазик. А, тоа што се предлага не е тоа. Ова е една добра прилика ние денеска да ратификуваме една ваква веќе потпишана спогодба, но со ратификација точно ќе ја операционализираме што и до кое ниво ние мислиме да го употребиме јазикот во Република Македонија. Затоа што, овдека има градација. Која е спремноста денеска во Република Македонија. Откога тоа ќе го операционализираме и со донесување на закони, ќе видиме дали е тоа доволна рамка

и дали навистина тоа ќе ги задоволи потребите на Албанците во Република Македонија.

Фактот што предлагачот денеска се обидува токму во склоп на она што е европска ориентација да бара решение за овие прашања, тоа докажува дека Партијата за демократски просперитет перманентно својата стратегија на делување ја бара во склоп на стандардите на европските стандарди. Но, тоа не значи дека во тој момент кога ќе констатираме дека овие стандарди кои денеска се предлагаат не се доволна рамка и не ги задоволуваат потребите на Албанците во Република Македонија, ние дека нема да бараме и други решенија. Не знам која е храброста господинот да каже дека дури и во судството ние го имаме решено проблемот со употребата на јазикот. Многу ни е јасно нам овдека што стана со тие закони, кои на некој начин до одреден степен го регулираат употребата на јазикот во правосудството. Самиот господин знае, токму од неговата партија иницијативата поттикна до Уставниот суд и сите тие се веќе невалидни. До кој степен, навистина денеска Албанците го користат албанскиот јазик во судството. Каде е употребата на јазикот во локалната самоуправа. По иста иницијатива или слична иницијатива и во тој закон ние имаме деградирање на законот, со кој до одреден степен што секогаш ние перманентно викавме ние дека тоа не е доволно и не ги апсорбира сите наши барања. Каква е таа храброст да кажуваме дека денеска ние употребуваме највисоки стандарди. Па, еве ви шанса, господине, од еден општ документ да ги одредиме најголемите стандарди. Па, да се стават и Албанците на еден испит и да видиме дали тие ќе ги прифатат токму тие стандарди кои се најголеми. Дури тогаш ќе можеме да зборуваме дали Албанците и политичките партии на Албанците во Република Македонија се за европско решавање на проблемите. Но, да направиме напори навистина тогаш да декларираме дека највисоките стандарди ги прифаќаме, дај да ги прифатиме највисоките стандарди, да се стават на испит и Албанците и Македонците, кој е за европска опција. Само со една нормална констатација дека се е во ред овдека во Република Македонија, не може да биде тоа така.

Зошто немате храброст тоа да го прифатите, мислам еден ваков предлог. Значи, денеска да го ратификуваме со овие стандарди кои денеска ние ги предлагаме во сите сфери на животот, во образование, во локална самоуправа, во администрацијата, во културните институции, како што ги предлага г. Мерсел Биљали. Никој не не убеди и дајте докажете до кој степен и по кој стандард од повелбата ние денеска го употребуваме јазикот во судството. Кажете со кој стандард и по која точка од повелбата, ние го употребуваме јазикот во високото образование. Кој е тој стандард, која е таа точка и кое е нивото. Која е таа точка и до кое ниво ние го употребуваме јазикот во другите сфери на животот. Не можеме ние само со вербални искажувања да ги употребуваме највисоките стандарди денеска веќе се имплементираат. До кое ниво го употребуваме јазикот во информирањето. Повелете, докажете.

Мислам дека е добар испит пред нас, пред целата македонска јавност, па и меѓународната јавност, да видиме која е спремноста денеска Република Македонија да прифати кои биле највисоки стандарди.

Мислам дека предлагачот на место и со време предложи една ваква иницијатива. Апелираме, да најдеме храброст ние денеска ова да го ратификуваме, а потоа ќе разговараме кој и каков став имал за ова. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ризван Сулејмани за учество во расправата.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги.

Добро е што уште еднаш пратеникот од нашата пратеничка група, господинот Биљали, ни овозможува на еден начин, не само на пратениците од неговата пратеничка група, туку и на другите пратеници во Собранието, за одредени работи да го изнесат своето мислење и во тоа нема ништо лошо. На никој начин не се сложувам, односно ги отфрлам сите тие квалификации дека, еве, албанската елита на еден начин ја силува државата, односно државата Македонија и тоа на еден начин мислам дека дури е многу грубо кажано, затоа што, сепак денеска имаме еден документ, кој се бара да се ратификува и од Советот на Европа. Ставен е потпис и еден од условите кога Република Македонија е примена како членка на Советот на Европа е и оваа повелба и тука нема ништо лошо.

Морам да ве потсетам дека оваа повелба пред 3, 4 години од тогашната

Влада на Република Македонија ни беше понудена, односно беше доставена до Собранието на Република Македонија, меѓутоа пратеничката група на ПДП тогаш ја врати односно на еден начин не сакаше да расправа само, почнувајќи од фактот односно базирајќи се од фактот дека тие стандарди кои биле предвидени односно заокружени во повелбата, не ги задоволуваат потребите на употребата во ниво и обем на албанскиот јазик во Република Македонија, односно во институциите на Република Македонија.

Така што, денеска уште еднаш даваме на еден начин можност, односно самиот предлог ни дава можност да се изјасниме по тие стандарди.

Зошто е добро да се настапи вака односно да се расправа за една ваква повелба т.е. за вакви стандарди, кои се европски стандарди. Затоа што, еве поминуваат 10 години и токму се отвора некое прашање, би рекол, албанско во Република Македонија, веќе почнуваат тензиите, почнуваат тие тензии меѓунационални и тогаш веќе тие се претвораат во фрустрации, така што се наоѓаме во една ситуација, која воопшто може да се квалификува една нервоза во Република Македонија. Дали тоа почнува од Битола или почнува од Тетово, но мора да се заклучи дека сепак нервозата и таа тензија во меѓунационалните односи е присутна во Република Македонија. И, сега, дури е толку присутна, што се бара понекогаш да се расправа и за политичко безбедносната состојба во Република Македонија токму затоа, затоа што состојбите апсолутно не ни се добри. Јас сум од тие што сум доста загрижен во последно време во каква состојба се наоѓаат меѓунационалните односи.

Се отвора проблемот на образованието, или се отвора проблемот на употребата на јазикот во овој случај албанскиот и на другите националности. Веќе имаме една атмосфера, односно еден политички амбиент во РМ кој создава доста нервоза. И за да се ослободиме ние од ваквите тензии, на еден начин мораме да имаме еден приод кон меѓународните документи, затоа што во последно време дури стана многу модерно да се повикуваме само на конвенции, рамковни повелби и т.н. Меѓутоа, никако приодот да ни биде конкретен и приодот да ни биде со тоа што денеска се бара, еве во овој случај да се ратификува од Собранието и една ваква понудена повелба т.е. Предлог за донесување Закон за ратификација на Европската повелба за регионалните или малцинските јазици, се разбира со Предлог закон.

Мислам дека Албанците како потенцијал политички и економски во РМ кога веќе се определија во од да ги остваруваат правата, повикувајќи се овој пат на една повелба која е сепак Европска, а во исто време кога конкретно се одвиваат разговорите, односно преговорите со Европската Унија за асоцијација и стабилизација, еве ви една шанса, еве една можност дека цврсто сме определени преку институциите на државата, преку едно умерено политичко убедување без никакви фрустрации, без никакви ексклузивности на еден начин да го оправдаме тоа што е највисок стандард, затоа што веќе десет години се повикуваме декларативно, го велиме тоа секаде. Јас не велам дека во одредени сегменти е направен одреден напредок во тоа што се однесува за правата на Албанците, односно националностите во РМ.

Меѓутоа, Повелбата која би се ратификувала во Собранието е уште едно конкретизирање, односно еден начин кога ние одлучно ќе им одговориме на сите тие кои на еден начин произведуваат тензии т.е. фрустрации во РМ. Дури немојте на таков начин да ги оквалификувате овие наши настапи, односно овие наши предлози и со оваа Повелба и со други измени и дополнувања на одредени закони, дури и за една декларација, т.е. Информација за склучување на Конвенција за заштита на правата на малцинствата. Ние расправавме и за таа Информација и ќе расправаме уште и понатаму, меѓутоа еднострано се оквалификуваат нашите настапи, дури толку еднострано што од контекст секогаш се извлекува тоа дека еве ние сме заинтересирани само за нашите права, а никако за другите права, односно за правата на другите.

Мислам дека тоа не држи ни како квалификација, туку еве една можност да се изјасниме позитивно за една ваква Повелба. Се разбира дека нашите интенции, а и предлогот на г-динот Биљали е токму во тоа да се прифатат највисоките стандарди како што се наредени во повелбата дали под некоја абецеда, но јас мислам дека се што е под (а) во оваа Повелба, односно се што е највисок стандард во РМ за употребата на јазикот во овој случај на Албанците, се разбира истото го мислиме и за другите националности, мислам дека треба да се прифатат, затоа што велам уште еднаш тоа е императив, тоа е тренд, тоа е многу

оправдано не како барање, туку и како аспирација на политичкиот блок се надевам на Албанците во РМ. И мислам дека една ваква Повелба не излегува од рамките што може да се нарече екслузивност, што може да се нарече, некој може да го квалификува и како уцена и силување и т.н. Еве ви една шанса, шансата ви ја дава пратеничката група на ПДП преку пратеникот Биљали и повелете изјаснете се.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги пратеници, јас сметам дека не се исполнети сите релевантни услови за водење на расправа во врска со оваа точка. Ние пред нас го немаме мислењето на нашата Влада, го немаме целосно и мислењето на нашите комисии од Собранието.

Јас сметам дека ние не можеме да водиме сега расправа, бидејќи кога ќе го добиеме тоа мислење и од Владата и од комисиите ние дури тогаш треба да водиме расправа. Затоа сметам дека не се исполнети условите ние да водиме расправа по оваа точка како што стои овде, Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската повелба за регионални и малцински јазици со Предлог на закон.

Во таа смисла предлагам да бидеме рационални и да ја прекинете расправата, со тоа што кога ќе ги имаме сите овие валидни изјаснувања, без кои што ние секако не можеме да се изјасниме, дури тогаш да водиме расправа и дури тогаш да дојде на дневен ред оваа посочена точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Батковски за учество во расправата.

Сакам да ве известам дека деловнички јас сум должен секоја точка да ја доставам до комисиите и до Владата, но тоа не пречи ние да водиме расправа на седница на Собранието, иако ги немаме тие мислења. Од кои причини немаме мислења, јас незнам. Затоа имаме ние два пати да се изјаснуваме, дали ќе го прифатиме заклучокот да расправаме по Законот и за тоа ќе гласаме.

Според тоа, јас оставив на Собранието да одлучи по ова прашање. Ова прашање не може никој да го затвори и секој пратеник кога ќе поднесе предлог, јас сум должен да го ставам на наредната седница, а како вие ќе одлучите, тоа е веќе прашање на гласањето и на одлуката на пратениците. Според тоа, вината не е кај мене. Јас ќе бев виновен ако тоа прашање не го ставев на дневен ред.

Напротив, јас постапив така како што пишува во Деловникот и не навлегувам во причините поради кои што Комисијата или надлежните тела не расправале, дали чекале мислење на Влада, зошто Владата не се произнела и т.н. Ние сме конечно овде кои што треба да кажеме, треба или не треба да одиме понатаму во разгледувањето на овој закон. Тоа е мислам редоследот, правната процедура, а секој од нас е доволно свесен за да се определи во која фаза и на кој начин ќе го даде својот глас.

Дали некој друг бара збор?

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Јас би сакал да го искажам своето мислење, по однос на оваа иницијатива и при тоа би сакал да спомнам неколку работи, кои што се можеби како хронолошки или како фактички причини што досега Македонија не ја ратификувала оваа Конвенција. Имено, сите знаеме дека Македонија е потписничка, меѓутоа во Парламентот оваа Конвенција не била ратификувана. Доколку се запрашаме кои биле причините, зошто оваа Конвенција досега иако имаше низа на иницијативи да биде ратификувана, сепак досега таа ратификација не се случила.

Една од основните причини кои што патем била кажувана како можеби клучна причина, зошто оваа ратификација Македонскиот Парламент и во претходниот состав и во овој состав не ја ратификувала. А Македонија е обврзана дури и со самото потпишување при влегувањето и стапувањето во членство при Советот на Европа да ја ратификува, а сепак не се случило. Значи клучен фактор, или клучен момент бил фактот дека во РМ не е донесен Законот за високото образование. Имено, се уште знаете дека ние работиме по закон, кој што е од бившата СФРЈ со некои ситни промени.

Во суштина законот за високото образование не е донесен. Сега можеме ние да кажуваме дека овие две работи не треба да ги поврзуваме, меѓутоа ако ги погледнеме фактичките причини досега низа на иницијативи што биле поднесени за ратификација, а сепак не била ратификувана оваа спогодба, ќе видиме дека личната причина стално било тоа што

во РМ таков Закон за високо образование не бил донесен. Знаеме дека во моментов интензивно се работи на подготовка на тој закон. Дури еден од поранешните иницијатори, значи иницијатива за ратификација на оваа Конвенција беше и г-динот Мевљан Таири, кој што беше и член на Делегација на Советот на Европа. Во еден момент дури и ме запраша: "Сакаш ли да бидеме и двајцата иницијатори за такво потпишување".

Македонија, дури и јас сум спремен да бидам коиницијатор за да се потпише таква спогодба. Ние како држава сме обврзани да ја ратификуваме оваа спогодба. Меѓутоа, редоследот на настаните како би се одвивала таа динамика на ратификација, барем според досегашното искуство, или досегашните неуспешни обиди, јасно иницира една многу очигледна работа дека такво нешто би можело многу полесно да помине, една таква ратификација би можела многу полесно да помине откако ќе биде усвоен Законот за високото образование, на кој што како што кажав интензивно се работи.

Според тоа, мое мислење е дека можеби е ова две, три недели, месец дена, преуранета иницијатива и заради тоа јас би се воздржал од гласање по однос на ратификацијата како член на овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Данило Глигоровски за учество во расправата.

За збор се јави заменикот министер за надворешни работи, г-динот Никола Димитров.

**НИКОЛА ДИМИТРОВ:**

Пред се би сакал и лично и како претставник на Министерството за надворешни работи и во таа смисла и на Владата да ја поздравам оваа иницијатива.

Ние со самото потпишување, инаку Македонија ја потпиша Европската повелба за регионални или малцински јазици на 25 јули 1996 година, со самиот тој чин значи сме имплицирале политичка волја и заложба дека се согласуваме со целите и принципите на оваа Конвенција и сме се обврзале на политичко ниво да ја ратификуваме консеквентно. Од друга страна некои елементи од Предлогот на пратеникот г-динот Биљали на некои елементи би сакал да се осврнам и исто така би сакал што помалку време да искористам, да се осврнам на самата Повелба и на тоа како другите земји се однесуваат кон оваа Повелба.

Мислам дека овој предлог е изготвен првенствено и базирано на интересите за заштита на албанскиот јазик во РМ. Од друга страна не смееме да ги игнорираме потребите за заштита на мајчините јазици на другите националности. Исто така во предлогот недостасуваат некои декларации, кои што се уште е спорно дали задолжително или доброволно ги даваат земјите, меѓутоа се дел од целата процедура за изготвување на инструментот за ратификација.

Имено, согласно Конвенцијата државите имаат можност прво да ја применуваат Конвенцијата на целата територија или на дел од територијата. Второ, можат да кажат на кои јазици ќе се однесува примената на Конвенцијата, значи дали само на албанскиот или на сите други, или на дел. Исто така, Конвенцијата дава можност да се изберат различни алтернативи, различни опции односно степени на заштита за различни јазици. Се работи за исклучително комплексно и деликатно прашање. Конвенцијата е обид на Советот на Европа како организација, која што предничи на овој план во светот заедно со рамковната Конвенција е еден од примерните инструменти кога се зборува за заштита на национално малцинство, обид за сеопфатно регулирање на заштитата на јазичните права на малцинствата. Самото тоа што 11 години беа потребни да се усогласи текстот во рамките на комитетите во Советот на Европа и исто така фактот што шест години беа потребни Конвенцијата да стапи во сила по усогласувањето на текстот укажува дека државите ја третираат содржината на одредбите на оваа Конвенција како исклучително деликатни и комплексни. Немам ажурирани податоци за оваа година, меѓутоа некаде во средината на 1999 година, девет држави ја имаат ратификувано Европската повелба за регионални или малцински јазици. Горе долу во однос на опциите има две тенденции.

Првата, државите кои што имаат повеќе официјални јазици, како пример шведскиот јазик во Финска, италијанскиот јазик во Швајцарија, за нив се избрани максималните опции.

Втората тенденција да речеме земји како Хрватска, Холандија, Унгарија и Германија се обезбедува релативно ниско ниво на заштита во однос на сферата на образованието и сферата на употреба на јазиците во судските постапки. Од друга страна во областа на локалната самоуправа и во областа на културата се обезбедува

нешто повисока, оние опции кои што обезбедуваат повисока заштита.

Нашиот предлог, инаку би се извинил, најверојатно Владата доцни во овој случај. Ние пред извесно време, пред кратко време како Министерство за надворешни работи поднесовме предлог мислење до Владата и претпоставувам дека на наредната седница тоа ќе биде и мислење од Владата, имајќи во предвид дека сепак МНР е нај надлежно за прашањата од оваа сфера. Во него ја изразуваме волјата на Владата да ја ратификува оваа Конвенција.

Меѓутоа со оглед на комплексноста на прашањата дел од нив веќе апсолвирав во ова излагање. Предлагаме да се формира една меѓу ресорска работна група на ниво на експерти, која што ќе ги анализира меѓу другото и големите и политички и правни импликации од ваквата ратификација. Се работи за еден голем, една крупна иницијатива, која што регулира практично едно од нај важните прашања во областа на малцинските права, јазичните права кои што навлегуваат во сите сфери од образованието до културата. Што значи дека, сепак како држава мислам дека ќе биде не одговорно ако го решиме ова брзо. Јас знам дека имаше претходно обид во септември 1996 година тогашната Влада подготви Предлог Закон за ратификација на оваа Повелба, меѓутоа како резултат на немање согласност во рамките на тогашната Влада се одложи ова прашање и тогаш беше задолжено Министерството за правда понатаму да ја иницира и да ја подготвува како иницијатива. Сметам дека без намера да навлегувам во меѓуетничките односи, мислам дека оваа Повелба не треба да даде повод ние да навлеземе овде во меѓусебни обвинувања. Сметам дека државата Македонија ќе има корист од оваа Повелба, меѓутоа државата Македонија не смее пребрзо тоа да го направи, се работи за многу голем проект.

Мислам дека решенијата на една ваква експертска група ќе бидат од голема корист, мислам дека и јавноста и воопшто сите политички партии ќе треба да бидат повикани да дадат одговор на овие прашања. Исто така, еден од аргументите кој што веќе беше изложен во дискусијата, исто така многу стои, Законот за високо образование сега е вистина при крај и многу скоро ќе дојде во овој највисок политички форум во нашата држава. Мислам дека ќе биде несоодветно со ратификацијата да прејудицираме определени решенија, кои што ќе бидат решавани во Законот за високо образование. Напротив, мислам дека ратификацијата и решенијата во Предлог Законот за ратификацијата треба да се базираат врз Законот за високо образование. Исто така, дел од опциите кои што се предложени во Предлогот не соодвествуваат со законската рамка, да речеме во однос на судските постапки, граѓанската и кривичната во однос на официјалниот јазик на кој што се води постапката и кој што ја употребува судот. Можеби не сум сигурен дали треба да должам, би сакал само уште на некои дилеми да обрнам внимание пред се Повелбата е, првичната идеја на Повелбата е да ги заштити јазиците кои што изумираат или кои што се претопуваат. И покрај тоа дел од државите како Финска и Швајцарија ја ратификуваа само во однос на официјалните јазици.

Од тука треба да се има извесен став во однос на влашкиот и ромскиот јазик, како јазици кои што се во процес на кодификација и како јазици на етнички групи, кои што немаат матични држави. Така што тоа прашање треба да се инкорпорира во Предлогот за ратификација на Повелбата за регионални и малцински јазици. Исто така ако се изберат различни опции за различни јазици треба тоа да се испита дали тоа ќе значи судир со конститутивниот концепт, кој што значи еднаквост на сите националности. Тоа е исто една дилема која што треба да се разреши во оваа дебата која што ќе ни престои и од тука би апелирал пред се на предлагачот, уверувајќи го дека овој процес според мене веројатно е неблагодарно да се прогнозира, меѓутоа негде до пролетта 2001 година би требало да се заврши. И во препораката во парламентарното собрание со која што се укина мониторингот на Советот на Европа врз државата Македонија, меѓу другото се споменува ратификацијата како потреба, меѓутоа и таму се врзува со Закон за високо образование. Така што никој не е против ратификацијата, меѓутоа сепак се работи за голема работа и сметам не е, ако веќе сме чекале од влегувањето во сила 90 година до 2000 година, мислам дека има простор уште една година да оставиме, а практично Владата со тоа што ќе го усвои овој предлог веќе ќе земе обврска за формирање на една експертска група и тоа ќе влезе во процедура така што верува дека, во Собранието негде на почетокот на 2001 година ќе дојде Предлог Законот за ратификација. Значи на крајот би апелирал

пред се до предлагачот да го повлече предлогот.

Или да се одложи оваа точка, меѓутоа, ако се гласа тогаш би апелирал за не подржување на предлогот, меѓутоа не априори како таков, заради овие причини кои што сега сакав да ги образложам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот заменик министер Никола Димитров за сознанијата, кои навистина внесуваат една нова визија, една нова претстава за предлогот. И за еден активистички однос на Владата кон овој предлог, кој што е комплексен и кој што сака да го реши на соодветен начин, но тоа нам не ни пречи, ние да ја завршиме расправата и да ја завршиме оваа точка како што ни е деловнички утврдено.

За збор се јавија уште двајца пратеници.

Господата Алириза Лога и Оломан Сулејмани.

Нормално, дека имаат право да дискутираат, а потоа ќе го слушнеме и апелот до предлагачот, пред да преминеме на чинот на изјаснување.

Има збор господинот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Немав намера да се вклучам во расправата, но повеќе од процедурален аспект, Ние веќе ја имавме оваа точка на Комисијата за образование и наука, меѓутоа не расправавме, поради тоа што немавме мислење од Владата. Но сепак, сакам да укажам на тоа дека, да донесеме некој заклучок, кој што ќе биде прифатлив за сите нас овде во Собранието, во врска со оваа Европска повелба за регионалните јазици и малцинските права. За што се однесува?

Имавме иницијатива група пратеници од Партијата за демократски просперитет уште минатата година, некаде во април 1999 година беше покрената и во меѓувреме, дури беше повлечена со образложение дека, а имам мислење од Владата кое што се повикува на членот 19 од Законот за склучување на вакви ратификации и извршување на меѓународни договори, каде што децидно е кажано дека иницијатива за склучување на вакви ратификации, односно договори меѓу држави, покренува Министерството за надворешни работи, органите на управата или претседателот на Републиката.

Исто така, во членот 23 од Законот, за неговата имплементација и извршување се задолжува Владата. Според тоа, ние дојдовме до една солуција, а тоа можам да го повторам и овде, како Собрание, ние да донесеме ваков заклучок: да ја задолжиме Владата или конкретно дотичното министерство, еве тука се изјасни и господинот заменик министер, во побрз рок, слушнав дека тоа би било некаде 2001 година, а јас мислам до крајот на годинава, да покрене ваква иницијатива за ратификација на оваа Европска повелба.

Чинам дека иницијативата не е за потценување, заради тоа што веќе ние како држава, сме потписници на таа Европска повелба. Се согласувам, дури и со претходниот дискутант од ВМРО-ДПМНЕ, дека дел на таа Повелба е извршена дури е имплементирана во нашиот секојдневен живот. Меѓутоа, како таква Конвенција, би требало да се ратификува од наша страна како Собрание и тоа би било еден потег за сето тоа што и ние сме надлежни да ги потпишеме тие договори, да ги ратификуваме и да ги извршуваме.

Значи, останувам на ова, ние да ја задолжиме Владата, во најкраток рок, да покрене таква иницијатива, се разбира, Министерството за надворешни работи, ние тоа да го имаме како нивна иницијатива и да го ратификуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Алириза Лога за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, очигледно, пратеникот од ПДП, господинот Биљали, изгледа дека со доста внимание и со скромна работа, сака да даде свој придонес, во врска со вакви валидни документи, кои се пред се, за Република Македонија, па и за самите нас.

Прво, жал ми е што ваков еден Предлог - закон расправавме и на комисиите и тоа на Комисијата за образование и на другите комисии, меѓутоа и таму немавме претставници од Владата. За разлика од тоа, денеска е заменикот министер, меѓутоа, тој ништо ново не рече, иако е претставник од Владата, за ваков важен закон, како што ни го предлага пратеникот, господинот Биљали.

Ние сме потписници на Европската конвенција за регионалните јазици 1996 година, а мислам дека тоа е владина работа, да ни понудеше еден ваков документ, да не чекаше за вакви важни документи предлагачи да бидат пратеници, што мислам дека е за пофалба, меѓутоа, просто сме ставени во дилема дали оваа Влада, има желба на вакви важни документи, иако сме потписници 1996 година како Република Македонија некои работи да почнат веќе да се спроведуваат. Некој од пратениците рече дека некои документи почнале да се имплементираат, меѓутоа, ние сме за тоа, а може да се рече дека во лоша позиција е Партијата за демократски просперитет, бидејќи ние не рековме дека се работи само за албанскиот јазик, затоа што нашиот политички курс се знае и јасен е, ние Македонија ја прифаќаме како мултинационална држава и со тоа не ги минимизираме другите националности, односно другите јазици кои се зборуваат и се пишуваат во Република Македонија.

Меѓутоа, ако оваа Влада сака да ја избегне реалноста, што Македонија е мултинационална држава, јас не сакам да ја кревам температурата кај останатите пратеници, меѓутоа, за вакви документи, мислам дека грото пратеници Македонци тактизираат.

Се поставува едно прашање: Дали сме за решавање на проблемите кои ни претстојат, а тоа не значи само да потпишуваме документи, како што е Повелбата за јазиците, без да ратификуваме такви документи. Пред се, мислам дека од ден на ден, почнува овој Парламент, не велам пратениците од владината коалиција, играме улога на проста гласачка машинерија. Бидејќи и вие сте сведоци и македонската јавност, дека од овој дневен ред одложивме неколку точки, затоа што немавме претставници од Владата. И за овој документ, иако е заменикот министер, тој не даде валиден одговор, што и како да постапи овој Парламент, во врска со овој документ. Значи, треба да чекаме Владата да расправа, а имаме и ред други точки, кои Владата навистина, дали намерно ги избегнува, а еве сега имаме точка на дневен ред да се изјасни овој Парламент за поддршка на отворање на паралелка во Битола. Јас гледам дека нема повторно да имаме претставник од Владата, што значи дека оваа точка треба да ја одложиме. Меѓутоа, јас сум да се расправа без емоции за вакви важни документи и еднаш треба да се справиме со реалноста, што значи Република Македонија и без тактизирање, бидејќи верувам дека вие тоа најдобро го знаете како правник, дека толку задоцнуваме во врска со вакви документи, мислам дека е на штета на Република Македонија и на самите себе си.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани.

За збор, се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Дозволете ми и јас да се вклучам во расправата по повод Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Европската Повелба за заштита на регионалните и малцинските јазици. Јас сакам да ги изнесам следните мои видувања по ова прашање.

Најпрво, сакам да го информирам Собранието и јавноста, дека на една од седниците, односно состаноците на претседателот на Собранието со координаторите на пратеничките групи, одржан пред неколку месеци, меѓу другото, претседателот на Собранието апелираше и побара од пратениците, односно пратеничките групи да имаат по активна и по креативна улога во работата на Собранието, што значи по активни во процесот на предлагање на закони и други предлози, кои се во функција за изградба на нашиот правен систем и за еден активен однос, виза ви Владата на Република Македонија, бидејќи очигледно е дека Владата затајува во предлагањето на точки на дневен ред и од тука, не случајно, дневните редови, во овој состав на Собранието ни се вакви, со пет - шест или десетина точки на дневен ред, од кои неколку се предлози од пратениците.

Ценам дека овој апел на претседателот на Собранието е добар, односно е компатибилен со уставната позиција што ја има и Собранието и пратениците на Собранието на Република Македонија. Само така ние ќе ја оправдаме нашата улога, со извршувањето на нашата функција, а не само како пасивни поддржувачи или Собранието да се претвори во една гласачка машинерија, виза ви активноста што ја има Владата на Република Македонија.

Меѓутоа, се случува еден невиден и според мене, не објаснив процес, во сите комисии, односно надлежни работни тела, кои се водат од страна на пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, да се

отфрлаат предлозите, кои се предлагаат од пратениците, од причина што наводно, нема мислење од Владата и како такви, тие се беспредметни, односно работните тела не расправаа по тие предлози.

Затоа, не случајно денеска некој си зема за право, врз основа на фактот што некој не сакал да стави некоја точка на дневен ред на седница на комисија, денеска да се повикува, наводно, дека не треба ни да расправа Собранието по таа точка, од причина што, комисијата не расправала.

Мене ми се јасни причините, затоа што Владата не се изјаснила по овие предлози. Меѓутоа, не ми е јасен одреден аршин на некои пратеници, кога еден предлог се дава од друг пратеник, од друга пратеничка група, тогаш и комисијата и Собранието можат да расправаат, дури може да се води расправа по неколку дена, а кога тоа го прави пратеник од друга пратеничка група, тогаш е аргументот дека нема мислење од Владата, што е доволно да не се отвори расправа, односно да се отфрлат точките од дневен ред.

Мислам дека претседателот на Собранието е сосема во право кога им даде толкување на ваквите тенденции од одредени пратеници и сосема согласно Уставот и Деловникот постапи кога ги уврсти точките во дневниот ред, од причина што тоа е уставно гарантирано право и не случајно Уставот ги дефинира, кои се предлагачи на точки на дневен ред во Собранието на Република Македонија. Тоа се пратениците, тоа е Владата и 10-те илјади граѓани со право на глас. Со ова сакав да ја симнам според мое убедување, со доволно аргументи оваа теза и овој начин на работа и апелирам до претседателот на Собранието да сврти внимание на тие претседатели на комисии, во иднина да не постапуваат така. Тука во прв ред, мислам на претседателот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, во последно време се позачестени се тезите, како наводно ПДП односно пратеничката група на оваа партија се радикализира, дека нејзините предлози за јавноста создаваат една конфузна ситуација, како, наводно, тие предлози се надвор од она што е уставен концепт на РМ и уставно уредување и дури ги загрозуваат и поткопуваат темелите на оваа земја. Дури одат до таму ПДП денес да се претстави пред јавноста гогол кој се заканува на самобитноста и мирот во земјата, што апсолутно е неточно. Други се причините за кои се надевам дека ќе имаме прилика да разговараме и за таа димензија на прашањето.

Сега имате еден конкретен предлог, Македонија да го потврди својот став, неколку пати изнесен во домашната и меѓународната јавност, дека наводно Македонија ги исполнува сите меѓународни стандарди по однос на заштита на човековите и малцинските права. Тоа е една теза која и послужи на РМ да стекне еден висок рејтинг пред меѓународните институции и тоа да го користи како еден од алибите, зошто Македонија треба да се третира како граѓанска држава и зошто треба да и се даде шанса за нејзина интеграција во сите меѓународни институции, вклучувајќи ги и напорите за вклучување во Евроатланските интеграциони процеси, пред се ЕУ и НАТО. Овој предлог не излегува од тие рамки. Напротив, во рамките на тие определби, на Советот на Европа, чија членка е РМ и која се обврзала со чинот на потпишување на Повелбата, во понатамошниот текст ќе ја ратификува Повелбата и истата ќе стане дел во правниот поредок на РМ и тоа ќе биде еден од стандардите врз основа на кои ќе го гради внатрешниот поредок односно позитивното право на РМ. Оттука и обидот на членот на нашата делегација во Советот на Европа наводно требало обратно, прво да го чекаме донесувањето на Законот за високо образование и други закони, па тогаш со оваа Конвенција, всушност ние да го лимитираме и легализираме постоечкото ниво и стандарди, е апсолутно неприфатливо. Напротив, на нас, патека по која треба да се движиме во исполнувањето на овие стандарди, треба да ни биде токму овој документ кон кој треба да тежнееме и кон кој треба да одиме, а не обратно.

Всушност тоа е еден и од доказите зошто во РМ многу проекти од оваа област затајуваат, како што се Законот за употреба на јазиците на националностите, укинувањето на неколку одредби од други закони за кои ќе зборувам подоцна, зошто треба да се донесе овој закон и целта на заштитата на јазиците, регионални и малцински токму е погодено од причина што многу јазици во РМ, како резултат на рестриктивното толкување на уставните одредби, денес навистина се загрозени.

Трето, ние сме свесни дека албанскиот јазик, како доминантен покрај македонскиот, заради бројчаноста на населението кое го говори тој јазик, всушност не потпаѓа директно под влијание и под одредбите на оваа Повелба. Но фактот што Уставот на РМ не дозволува, односно не

гарантира високи стандарди за заштита и употреба на овој јазик, нас не принудува и преку вакви меѓународно стандарди и конвенции, односно оваа Повелба да најдеме поголема заштита и поголема експлоатација на овој јазик, иако свесни сме дека албанскиот јазик, всушност по ниеден основ и критериум не влегува под овие стандарди што треба да се третира како малцински јазик.

Мислам дека евентуалната ратификација и прифаќање на оваа Повелба, всушност, само ќе ги потврдува напорите на политичкиот и државниот естаблишмент на РМ во нивните напори да се докажуваат пред Европските и другите асоцијации за нивото на стандардите, на заштитата на граѓаните и националностите во РМ. Во спротивно, ќе паѓаат во вода сите тие аргументи и наводната теза, иницијатива, иницирана и од поранешниот претседател, гледам сега и од актуелните, за наводно создавање на некоја бела книга од типот на компаративни податоци за положбата на националностите во одредени региони, односно на Балканот, која ќе послужи, барем според однапред изнесеното, од предлагачите на ваквата идеја, да се покаже Македонија во едно бело светло во унапредувањето на овие права. Ова ќе беше еден доказ токму во прилог на ваквите тези. И обратно, не прифаќањето на евентуалната ратификација на оваа Повелба само ќе ги потврди нашите тези и нашите аргументи дека Македонија, напротив, не ги исполнува ниту меѓународните стандарди од оваа област. Тоа ќе биде еден доказ, евентуалното отфрлање на оваа идеја, во нашите напори да ја докажеме вистинската и реалната слика на состојбите во Македонија пред меѓународниот фактор.

Дека има потреба од донесување на еден закон, со кој ќе се ратификува оваа Повелба е очигледно јасно. Патем беше спомнат од неколку дискутанти фактот, што крајно рестриктивно се толкува членот 7 од Уставот на РМ, ни дава за право прифаќање на една ваква Повелба.

Второ, и тие закони со кои претходната Влада направи напор да се операционализира и таквото рестриктивно толкување на членот 7, паднаа во вода од причина што, не навлегувам во тоа кој иницираше, но факт е дека Уставниот суд по иницијатива ги укина скоро сите одредби каде што се дефинира статусот на албанскиот јазик и на другите националности во одредени правни норми. Укинувањето на членот 80, 81 од Законот за локална самоуправа, укинувањето на членовите кои го регулираат прашањето на водењето на педагошката евиденција и документација во Законот за предучилишно основно и средно образование, укинувањето на сите закони околу судските постапки, почнувајќи од кривичната, парничната, граѓанската процесна постапка и т.н.

Сите овие, како и тенденцијата, во практиката прашањата на топонимијата се деформира, на начин кој апсолутно не одговара на морфолошките и другите норми на јазиците на националностите, само се аргумент повеќе дека Македонија навистина има потреба од ратификација на една ваква Повелба и врз основа на тоа да се поведува во изградбата на нејзиниот правен систем, а со тоа и исполнување на едно од обврските, со актот за зачленување и потпишување на оваа Повелба пред Советот на Европа. Во спротивно ќе ги потврди и ќе ги зајакне нашите напори понатаму да ја претставиме нашата Македонија во права смисла пред Советот на Европа и пошироко. Но, ако така се одвиваат работите, ние имаме намера, тоа не е тајна, веќе во април идната година повторно да го покренеме прашањето на воспоставување повторно на мониторингот од страна на Европа врз Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Насер Зибери за учество во расправата.

Сакам да дадам само едно мало појаснување.

Точно е тоа дека пред неколку месеци побарав од шефовите на пратеничките групи да имаме еден по активистички однос и како пратеници и како пратенички групи и како Собрание во предлагање на неколку клучни закони. И мене ме радува, иако не добив потврден одговор за што треба да се усогласиме, веќе тргнаа такви иницијативи. Пред извесно време имавме од СДСМ и од г. Бузлевски во врска со акцизите, сега имаме ваква иницијатива, најавено ми е од ДА иницијатива во врска со ДДВ и т.н., што јасно говори дека Собранието и пратениците веќе започнуваат да покренуваат сопствени иницијативи. Тоа е за поздравување.

Секоја таква иницијатива јас веднаш ќе ја ставам, во рамките на деловничкото право, на дневен ред на Собранието и ќе инсистирам Владата да се произнесе. Ако не се произнесе тоа не ни смета ние да расправа и да се произнесеме. Според тоа, мислам дека тука е се во ред и така ќе оди, како што се договоривме. Велам, го делам задоволството што конечно

ние започнуваме со еден активистички однос, ви за ви Владата и органите на Управата.

За дискусија по ова прашање се јави г. пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас ќе кажам нешто во врска со тоа што се спомна, Законодавно-правната комисија и јас како претседател сум должен да објаснам некои работи, а од друга страна и од г. Зибери е член на таа комисија. Ние неколку седници наназад се расправаме во врска со прашањата, кога предлагачи се други овластени предлагачи, се пратеници.

Ние работиме на тој принцип, почитувајќи ги Уставот и Деловникот, дека во Уставот е кажано, членот 71 кој зборува кои се овластени предлагачи. Тука ние ништо не спориме. И во Уставот е кажано дека овластен предлагач е пратеникот. Не случајно е тоа кажано.

Исто така во членот 91 од Уставот се вели дека, Владата дава мислење за предлозите на законите и другите општи акти, кои на Собранието му ги поднесуваат други овластени предлагачи, а друг овластен предлагач е пратеникот.

Исто така во членот 296 од Деловникот е речено - Предлогот за донесување на закон што не го поднел Извршниот совет - Владата, претседателот на Собранието ќе му го упати на Извршниот совет – Владата, заради давање на мислења. Мислам дека така и се постапува. Владата дава мислења по Предлогот за донесување на закон, по правило пред неговото претресување во работните тела. Значи по правило е тоа.

Тргнувајќи од овие одредби, ние на ЗПК не ги разгледуваме овие предлози на закони од други овластени предлагачи, додека не добиеме мислење од Владата. Ова го потврдувам, што и г. Зибери а и другите пратеници кои беа во поранешниот парламентарен состав во ЗПК и јас морав и да се проверам поради тоа што на секоја седница го поставуваат прашањето, дали не треба да ги гледаме без мислење од Владата. Ги проверив записниците на ЗПК од поранешните состави. ЗПК работела на ист принцип. Така да дури на една седница на ЗПК се симнати, односно не се разгледувани пет точки поднесени од овластени предлагачи, кога не бил предлагач Владата. Така да јас не знам дали ние треба да работиме сега, заради тоа што тие се опозиција, поинаку, отколку тие што работеле додека биле позиција.

Мислам дека ние, можеби и во Собранието, меѓутоа ни бараат заклучок да доставиме до Собранието да предложиме да не се гледаат. Јас како претседател тоа својство не можам да го имам, не може ЗПК да биде во улога со заклучок да менува одредби од Устав, односно од Деловник. Можеби има други начини, начин на поднесување на Предлог за изменување на Деловникот, па да се заземе став и да определиме рок во кој Владата треба да се произнесе. Јас мислам, додека не добиеме мислење од Владата, можеби не треба да се гледаат, бидејќи образложенија има. Владата најдобро знае дека треба да ги реализира, извршува законите што ги донесува Собранието. Ако донесеме некој закон што Владата поради разни околности или состојби не е во можност да ги реализира, или имаме закон кој е сврзан со некои финансиски средства, а за тие финансиски средства ние како пратеници не можеме да знаеме од каде може Владата да ги исцрпи па да може да го реализира тоа. Затоа е потребно мислењето на Владата, за да ја имаме целокупната состојба со регулативата, а тој предлог на закон, предложен од друг овластен предлагач. А другите овластени предлагачи, односно пратениците не се во можност тоа да го имаат предвид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Кирил Андоновски, за овие дополнителни објаснувања.

Се е тоа во ред, така стои и во Уставот и во Законот и т.н.

Мислам дека ова ќе биде, можеби, еден сигнал за Владата по ажурно да се однесува спрема предлозите, кои истовремено кога ќе дојдат до мене јас ги испраќам и до Владата за да добиеме мислење. Сега држи и тоа дека ние немаме мислење од Владата по ова прашање, но затоа пак имаме претходен заклучок за кој ќе гласаме дали ќе одиме понатаму во разгледување на законот.

Имајќи ги сите овие факти во вид за тоа ќе треба да одлучи самото Собрание.

Реплика бара г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас и на седница на комисијата на г. претседател му реков дека, не е никаков аргумент фактот што на некоја седница од претходното законодавство е одбиен некој предлог, затоа што немало мислење на Владата. Апсолутно тоа во ниеден пропис не стои. Јас не знам од каде е сега неговото право што тогаш се постапило така и сега ќе

продолжиме да постапуваме така и тоа е единствениот аргумент на кој ќе се повикуваме за да донесеме став по одредено прашање.

Второ, во членот 186 од Деловникот на Собранието на РМ, патем да кажам кој се уште е важечки, меѓу другото во ставот 1 алинеја 3 вели: "ги разгледуваат предлозите за донесување на закони, нацрти и предлози на закони и на други општи акти и на Собранието, односно соборите му поднесуваат предлог". Тоа е се во согласност со постојниот Деловник на Собранието на РМ.

Цитираната одредба од Уставот на РМ, не ви дава за право да одбиете вие предлог за расправа на работните тела, од причини што Владата, еве и по потврдување од страна на претседателот на Собранието, навреме секогаш се известува за покренатите прашања од страна на пратениците. Тоа е едно.

Второ, не може затајувањето од разни причини, во случајот од политички, Владата да не се изјаснува односно да не дава мислење, да не може работното тело да расправа по овластениот, по Устав предлагач за прашања во Собранието на РМ. По таа логика како што вие го толкувате членот од Уставот на РМ, заради инает на Владата што не сака да се произнесува, никогаш на дневен ред на седница на работните тела нема да се разгледува прашање покренато од пратеник, што е нон сенс. Не случајно Уставот во подеднаква положба ги става сите три предлагачи, пратеник, Влада и 10.000 потписници, односно граѓани со право на глас. Тоа е едно.

Прашањето зошто уставотворецот го предвидел механизмот Владата да дава мислење е сосема друг. Тоа не значи дека тоа е пречка да се усвои некој акт или да се расправа, туку со оглед на тоа што пратеник со свој предлог или група на граѓани 10.000 граѓани може да предлага акт со кој ќе произлегуваат финансиски и други обврски за извршната власт, во случајот претставена во Владата, уставотворецот дава можност на извршната власт да се произнесе што мисли за предлогот на овластениот предлагач. Само таа е функцијата на давање мислење и никако како пречка за расправа во однос на предлозите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека ова прашање го разјаснивме.

По ова прашање ние и понатаму ќе се придржуваме.

Сепак сметам заради достоинството на пратениците, заради достоинството на Собранието, јас и апелирам на Владата да ги земе под итно предлозите кои што ќе и доаѓаат од самите пратеници.

Сепак, треба да имаме предност пред било кој предлог на некој орган на управа, на министерство и т.н. и да ни даде свое мислење, па макар и да дава одлагање за да го проучи прашањето.

На тој начин би требало да се постапува.

Но, до тука да ја затвориме расправата.

Не ја затвораме расправата во врска со поднесениот закон.

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Господине претседателе, пред малку беа споменати пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, јас сум еден од нив и всушност критиката на господинот Зибери беше во правец дека ние сме сакале да го имаме мислењето на Владата, по однос на некакви си иницијативи што доаѓаат и од други овластени претставници, односно доставувачи на одредени мислења или закони.

Значи, критиката беше насочена во тој правец, зошто ние сакаме да го видиме мислењето на Владата. Мислам дека е многу логично доколку ја поддржувам јас како пратеник Владата, би сакал да го слушнам или видам нејзиното мислење. Не станува збор дали ќе се води расправа или не, впрочем и постапувањето на дневен ред од ваша страна доволно говори за фактот дека без разлика било добиено или не мислењето ние денеска расправаме.

Меѓутоа, таквата форма на критика всушност се користи за некои од фактите што беа искажани во расправата да се заташкаат, на кои што не беше даден одговор, или пак формално недоволно беше образложен тој одговор. Тие факти, два од нив ќе истакнам се повторно скорешното донесување на Законот за високото образование, како и споменатата забелешка ако веќе донесуваме Конвенција за заштита на малцинските јазици, тогаш би требало да бидат разгледувани и други малцински јазици (ромски, турски, влашки и т.н.).

Значи, постојат факти на кои што не беше одговорено, чисто поаѓајќи од формата дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го чекаат мислењето на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски за овие дообјаснувања.

За збор се јавија уште двајца пратеници, г. Јордан Бошков и г. Мерсел Биљали.

(За реплика се јавува Мерсел Билали).

Само реплика имате?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете господине Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Од неколку дискутанти се слуша дека веќе имплементираме дел од оваа Конвенција, односно од Повелба и дека тоа било причина ние да не расправаме односно да не ја ратификуваме оваа Конвенција. Мислам дека работата е сосема јасна и принципиелна од причина ние не разговараме тука за имплементација. Разговараме за тоа дали Македонија ќе стане членка на овој меѓународен - правен акт или не. Тоа е прашањето, не колку имплементираме, зошто имплементираме и кога. Тоа е јасно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Мерсел Билали.

Господинот Насер Зибери бара реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

На излагањето на господинот Глигоровски за две прашања, кои тој ги покрена.

Прво, околу критиката на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Мене сосема ми е разбирливо и ги оправдувам што сакаат да го чујат мислењето на Владата, но не е разбирлив фактот што перманентно Владата не се изјаснува, иако ги добива предлозите навреме предлозите од Собранието на РМ. Во тоа е проблемот господине Глигоровски, а не во фактот што вие сакате да го ете, па макар и да не се согласите со мислењето на Владата. Тука немам никаков спор и го делам вашето мислење. Значи, проблемот стои во нешто друго. Тоа е едно.

Второ, околу тоа дали доволно сме го објасниле фактот зошто сега треба да се донесе Законот за ратификација на Повелбата, а не да се чека донесување на Законот за високото образование.

Јас се обидов да бидам јасен, доколку не сум бил, ја користам приликата повторно да дообјаснам и се надевам дека ќе бидам разбран.

Јас ценам, и не само јас, туку и пратеничката група дека не смее прво ние да го изградиме нашето позитивно право, иако тоа не е пречка, се разбира, па потоа да го прифатиме предлогот на Законот за ратификација за да му покажеме на Советот на Европа дека ете сме го прифатиле, ама состојбите сме ги решиле онака како што ние сме сакале. Целта на потпишувањето на оваа Повелба е воопшто на донесувањето на повелбата.

Не ова, туку обратно, Повелбата да служи како модел за исполнување на тие стандарди од страна на земјите членки потписнички на Повелбата. Мислам дека тоа и е јасно и од тука обратен треба да биде редоследот, а не Повелбата да потврди постојни стандарди, со кои ние ќе ги решиме нашите проблеми внатре. Значи, токму обратното.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Насер Зибери за учество во расправата, со една мала констатација дека не е тоа да Владата, не сакам да ја бранам Владата, не е тоа дека перманентно не се произнесува.

Еве, гледате и сега има произнесување по други наши барања и т.н., меѓутоа, дека треба по ажурна да биде тоа е факт и стои и мислам дека ќе настојуваме тоа и така да биде.

Има збор господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ценам дека оваа дебата има своја содржина, свое место, но до некаде сепак виси во воздух. Извесни чекори со нејзиното расправање на дневен ред се нарушени во редоследот. Добро ќе беше темата да беше по опстојно анализирана во надлежната комисија, ако е само една надлежна, претпоставувам дека не е една и дури потоа да водиме тука расправа. Сигналите што ги дава Владата по ова прашање се сосема јасни.

Јас сметам дека едно финиширање со повлекување на предлогот е најдобро или да одиме на гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Јордан Бошков.

Почитувани дами и господа, веќе немаме пријавени дискутанти во врска со претресот по Предлогот за донесување на закон.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Европската Повелба за регионални или малцински јазици.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 19 пратеници гласале "за", 19 пратеници "воздржани" и 40 пратеници "против".

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Ќе ве молам, јас сакам додека е тука заменикот министер за надворешни работи, да одиме на следната точка од дневниот пред.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Украина за правна помош во граѓанските предмети, со Предлог на закон.

Закон за ратификација на Конвенцијата Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Украина за правна помош во граѓанските предмети.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале "за", 3 пратеници "воздржани" и "против" нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласале "за", 1 пратеник "воздржан" и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале "за", 2 пратеници се "воздржани" и против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Украина за правна помош по граѓанските предмети.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на за признавање на статус на правно лице на меѓународни невладини организации, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за признавање на статус на правно лице на меѓународни невладини организации.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале "за", 1 пратеник е "воздржан" и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласале "за", 1 пратеник "воздржан" и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на насловот и на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ДИМИТРОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ДИМИТРОВ:**

И овој амандман го прифаќаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за признавање на статусот на правно лице на меѓународните невладини организации.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска, за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и "против" нема.

(Реагирање на пратениците дека не е во ред нешто со системот за гласање).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и 2 пратеници се "против".

(Реагирање на пратениците дека не е во ред нешто со системот за гласање).

Сепак можам да констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон, а со системот на гласање треба да се провери, да видиме што е.

Навистина има повеќе пратеници од она што се гласа.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република

Македонија и Владата на Кралството Данска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Минуваме на точката 9 - Барање за давање на автентично толкување на член 15 од Законот за управата на јавни приходи, поднесено од Здружението на банкарството и осигурување при Стопанската комора на Македонија.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Господинот пратеник Александар Гештаковски. Повелете.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, сметам дека Парламентот не треба да го усвои извештајот на ЗПК во кој се предлага да не се даде автентично толкување на членот 15 од Управата за јавни приходи, со образложение дека нормата е јасна и спроведлива.

Сметам дека со не усвојување на овој извештај треба повторно да се врати на Законодавно - правната комисија и Законодавно – правната комисија да даде предлог за автентично толкување.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Сакам на овој Парламент да укажам дека, институтот автентично толкување, кој неколку пати е применуван во овој Парламент и е важен и битен институт. Тој настанува кога дојде до одредено недоразбирање или погрешна примена или недоразбирање во примената на законите. Институтот автентично толкување го даваат оној кој го донесол законот, а тој е единствен законодавен дом на Собранието на Република Македонија и автентичното толкување е уставна категорија. Во самиот устав вика дека Собранието на Република Македонија донесува закони и даваат автентично толкување. Автентичното толкување и во теоријата и во практиката фактички значи, донесување на нов закон. Тој има законска сила имаат повратно дејство и се објавува во Службен весник. Кои се мотивите што Собранието не би требало да го усвои овој извештај.

Прв мотив или прво мое гледање, затоа што Собранието во принцип на овој важен институт на кој претходно укажав не го почитуваат мислењето на единствениот и најбитен орган тоа е Законодавно - правната комисија. Пред две или три седници на овој Парламент, Законодавно - правната комисија предложи дека треба да се даде автентично толкување на одредени одредби од Законот за данокот на промет или услуги, поднесено од нотарската комора. Овој Парламент, парламентарното мнозинство ни малку да се замисли ни да трепне дека нема потреба од автентично толкување. Затоа, по таа логика би требало да не го поддржи овој извештај, бидејќи единствен и компетентен орган е Законодавно -правната комисија. При давање на автентично толкување Законодавно - правната комисија, која врз основа на добиеното барање од страна на претседателот се препратува во одредени случаи кога нема доволно сознанија или доволно стручност за одредено прашање, се обраќа до матичната комисија, што во дадениов случај е поставено. Тоа е вториот дел, затоа што не би требало да го поддржи ова Собрание, извештајот на Законодавно - правната комисија.

Законодавно - правната комисија се обрати до матичната Комисија за финансирање и буџет. Матичната Комисија за финансирање и буџет како единствена надлежна и стручна, го разгледа ова прашање за член 15 од Законот за управата на управни приходи и утврди дека нормативниот дел, член 15 не е јасен и предложи на Законодавно - правната комисија да даде автентично толкување. Знаете, кога ќе дојде во случај до спорна надлежност и меѓу две работни тела во овој Парламент, едното работно тело од својот делокруг на надлежности, треба да го почитува другиот дел, бидејќи се обратил со барање. Во дадениов случај тоа не беше почитувано.

Одредени членови на Законодавно - правната комисија не го почитуваа она што го побараа како основа, за да може да одлучуваат. И, не беше почитувано мислењето на Комисијата за финансирање и буџет.

Најважното и најбитното сега, зошто Парламентот не треба да го усвои извештајот. Тоа е за дел на пратениците, кои сигурно овој институт автентично толкување, често се наоѓа на последните точки на нашиот Парламент, не им се дава големо значење, би требало да укажам за конкретниов случај. Се работи за барање од здружението на Стопанска комора на банкарството за банки и штедилници. Тие бараат да се даде автентично толкување на член 15 од Законот на управата за јавни приходи, кога одредени инспектори од управата, оди вршат контрола во одредени

трговски друштва и други правни субјекти. Дека, немаат право да ги бараат податоците од банките. Бидејќи, врз основа на Законот за банки и штедилници, врз основа на актите на банките, на деловните банки и врз основа на основниот принцип за деловна тајна, тие податоци претставуваат деловна тајна, но во случај кога не се врши контрола на самата банка. Тие не претставуваат деловна тајна, кога управата за јавни приходи врши контрола на самата банка. И, доколку, одреден инспектор од Управата за јавни приходи во делот на фискалниот дел, во делот на не плаќање на даноци или при финансиски прекршоци, има право да се обрати до надлежниот суд и од таму да добие налог, за да ги добие податоците од банката. Ова е многу важно и видно прашање за Република Македонија, во однос на преструктуирањето на банкарскиот систем. Не може секој орган да навлегува во делот, доколку утврди дека нема одредени прекршоци. Тој врши редовна контрола на трговското друштво. Доколку утврди дека има прекршоци, може да ги преземе законските мерки врз основа на тој дел.

Врз основа на тоа, сметам дека Парламентот не треба да го поддржи овој извештај, бидејќи настанува и една чудна пракса, она што зборував претходно за не поддржување на мислењата на ЗПК. Сигурно ќе изградиме мислење и доколку не го поддржи, ќе се врати повторно на ЗПК врз основа на овие укажувања, сигурно, да нема дел на политика, бидејќи се работи за чисти, правни прашања во делот на автентичните толкувања.

Затоа, сметам дека нема потреба да се поддржи извештајот за не давање на автентично толкување, дека нормата на член 15 е јасна во спроведување од страна на Управата за јавни приходи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Гештаковски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Кирил Андоновски, кој што е и претседател на ЗПК.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Прво, ќе го прочитам барањето за автентично толкување. Тоа вели дека: "Барање за автентично толкување на член 15 од Законот за Управата за јавни приходи". Потоа, ќе го прочитаме членот 15 од Законот. Сега велат дека банките зачестено во последно време се соочуваат со случаи во Управата за јавни приходи, како орган во составот на Министерството за финансии, бара податоци и документација за коминтентите на банките, што е особено важно и дека податоците што се бараат се во функција на постапките што се поведуваат спрема претпријатијата комитенти.

Имајќи го предвид фактот со Законот за банки и штедилници, Службен весник на РМ бр. 31/93, 78/93, 17/96 и 37/98, кој претставува "лек специјалист" во работењето на банките, е дефиниран институтот деловна тајна во однос на банките спрема физичките лица. Но, овде потенцирам спрема физичките лица, но отсуствуваат одредби за регулирање на односите спрема правните лица. Толку за барањето.

Точно е тоа дека уставна одредба е да се плаќа данок. Член 33 "секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки да учествува во намирување на јавните расходи и на начин утврден со закон". Значи, секој е должен.

Член 4 од Законот на Управата за јавни приходи вели: "Правните и физичките лица кои вршат дејност и граѓаните се должни на барање на Управата за јавни приходи да ги достават податоците и да ги стават на располагање документите од значење за утврдување на јавните приходи". Сега ќе одиме по ред за другите.

Комисијата, имајќи ги предвид овие сите, појде од член 15 од Законот за управата за јавни приходи. А, член 15 вели: "При вршењето контрола, инспекторот привремено до завршувањето на постапката има право да одземе одделни работни книги, документи и други докази и материјали од значење за утврдување на јавните приходи. Забрани, вршење на одредени работи или располагање со одредени средства и забрани вршење на дејност, кога тоа е определено со закон".

Меѓутоа, не можеме да го гледаме одделно овој член од другите и од Законот за банките и штедилниците.

Член 13 вели дека "потребно е да се гледа во целина со останатите одредби од овој закон, кои се однесуваат на работите на утврдувањето на контролата и наплатата на јавните приходи од даночните обврзници, а особено со одредбите на член 13, со кој се утврдени надлежностите на даночната инспекција". Притоа, од особено значење се работите утврдени во алинеите 5 и 8 на член 13 од Законот, според кои "инспекторот, меѓу другото има право да сослуша и даночни обврзници и сведоци, односно да прибавува писмени изјави за

факти од значење за утврдување на јавните приходи и како и да врши други работи, неопходни за откривање и санкционирање на прикриените даноци, такси и други јавни издавачки".

Исто така, треба да го гледаме и членот 17. Во членот 17 од Законот е предвидено дека "даночниот обврзник е должен на инспекторот да му ги обезбеди потребните услови за вршење на контрола". Исто така, даночниот обврзник односно одговорното лице кај даночниот обврзник е должен да даде и писмени објаснувања во врска со предметот на контролата на барање и во рок што ќе ги определи инспекторот. Доколку при вршењето на контрола се утврди незаконско однесување на даночниот обврзник, во одредбите на член 15 од Законот на Управата за јавни приходи, утврдени се мерки кои треба да ги преземе од страна на инспекторот. Овие одредби треба да се гледаат во согласност со член 33 од Уставот каде што вели дека, "секој е должен да плаќа данок".

Сега ќе го земеме Законот за банките и штедилниците како "лек специјалист" на кој упатуваат подносителите на барањето, каде што се вели дека и тие велат во тоа барање дека има само за физичките лица, а тоа ќе го земеме член 72 од Законот за банки и штедилници, односно член 74 од пречистениот текст на законот. Податоците, овде треба да се потенцира, "за штедни влогови и за сите депозити на физичките лица, само на физичките лица, како и податоците за работењето на физичките лица преку жиро сметки и тековни сметки се деловна тајна на банката". Податоците за штедните влогови и за сите други депозити на физичките лица, како и податоците за работењето на физичките лица преку тековните сметки, можат да се соопштат само на писмено барање на судот. Тоа е само податоците за физичките лица.

И, член, став 3, "податоците за работењето на физичките лица преку жиро сметки, можат да се соопштат само на писмено барање на судот или од Министерството за финансии". Самиот законодавец, а тие учествувале, сега опозиција, тогаш го донеле овој закон, веројатно законодавецот тогаш сметал дека не се однесува и за правните лица. Доколку се однесуваше и за правните лица ќе постоеше и таква одредба, не само за физичките лица и за правните лица. Ние не можеме да споредуваме по аналогија овде и не можеме да споредуваме толкувањето на законот, што беше за данок на производи и услуги, а беше поднесен од Стопанската комора, ова е сосема друг случај и треба така да го гледаме.

Од таа гледна точка Комисијата се произнесе, оцени дека одредите на членот 15 од Законот на Управата за јавните приходи се прецизни и јасни и нема потреба од давање на автентично толкување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кирил Андоновски за објаснувањето од страна на ЗПК.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, би сакал да појаснам за што всушност станува збор. Претседателот на Комисијата не спомна дека оваа одлука на Комисијата, беше донесена со гласање 5/4 од присутните на самата комисија и дека всушност станува збор за едно барање на Здружението на банките и штедилниците од Македонија, кое што е поддржано и од Стопанската комора на Македонија, а кое што се сведува на следното.

Тие, едноставно, бараат Управата за јавни приходи кога врши контроли, независно дали ги врши, кога ги врши контролите во претпријатијата, тоа си е сосема нормална постапка и таму треба да им бидат достапни сите документи, како што е тоа решено со Законот на Управата за јавни приходи. Исто така, немаат ништо против кога под удар на контрола паѓаат банките, банките да ги отстапат сите потребни документи за остварување на таа контрола.

Меѓутоа, она што тие сметаат дека тоа не е во согласност со Законот тоа е банките да бидат претворани навистина во една функција на кодоши. Односно, тие да ги предаваат документите за претпријатијата, во кои што врши контрола Управата за јавни приходи на нивните комитенти, независно од тоа што против тие претпријатија, не е поведена судска постапка. Тие сметаат дека ако банката биде доведена во таква ситуација какви што се сега сите банки и како што се толкува сега членот 15, тогаш навистина се доведува во прашање и кредибилитетот и угледот на банките, а исто така, се кочи тоа со прашањето на така наречената деловна тајна на банките. Во тој случај угледот на нашите банки, навистина, ќе биде целосно загрозен и во една ситуација, практично, извршната власт, односно Управата за јавни

приходи, ќе има право да располага со сите документи за комитентите, кои што се наоѓаат во рамките на тие банки.

Ние сметаме, исто така, дека ова барање на Здружението на банките и на штедилниците во Македонија, дека треба да се поддржи, од носно да се даде автентично толкување и да се отфрли овој извештај на ЗПК. На тој начин всушност ќе го заштитиме угледот на банките во Македонија, практично ќе ја спречиме Управата за јавни приходи вон судска постапка да добива нешто, што нејзе не и припаѓа, односно на што навистина таа нема никакво право. Навистина, ќе го заштитиме кредибилитетот на банките во Македонија, а во исто време ќе ги натераме оние кои што имаат некои основани сомневања за тоа дека нешто се крие во документите на организациите, односно на комитентите на кои што врши контрола Управата за јавни приходи, ако има такви основани сомневања, да покрене судска постапка, па во рамките на судската постапка, да побара да и бидат дадени документите на комитентите во секоја од тие банки.

Во спротивно, сметам дека ќе му нанесеме огромна штета на банкарскиот систем во Република Македонија и на тој начин навистина ќе го доведеме во прашање целокупниот углед на банките, што работат според позитивните прописи на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов за учеството во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе, незнам дали нешто многу ново ќе истакнам од ова што го кажаа господата Гештаковски и Спасов, меѓутоа сакам од тој агол, сепак уште неколку моменти да расветлам.

Ние добивме мислење на ЗПК, како Парламент, добивме толкување или мислење, толкување во кое се кажува дека нема потреба од толкување на овој член, поднесен од Здружението за банкарство и дека она што сега се случува, треба да се спроведува и понатаму на таков начин.

Инаку, да укажам дека ЗПК се обрати до Комисијата за финансирање и буџет, чии сум претседател, да побара стручно мислење или мислења. Ние дадовме различно од ова што сега ЗПК го оцени овде и во една ваква констелација на односи, како претседател на Комисијата за финансии и буџет, укажувам дека, со вакква работа и со вакво меѓусебно почитување на комисиите од својата надлежност, претседателот на ЗПК и членовите на ЗПК, го загрозуваат правото и понатаму да се обраќаат барем до Комисијата, која јас ја водам и да ги ставам на дневен ред точките, кои тие од нас ги бараат стручно да ги разгледаме, за после тоа да бидат негирани од страна на нивната Комисија.

Очигледно, дека барањето било сосема непотребно. Не сакам Комисијата да ја доведувам во функција да заседата, да донесува мислења, кои после никој не ги почитува, особено оние кои што го барале мислењето од таа Комисија.

Во споменатото толкување на ЗПК, толкувајќи го член 15 од Законот за управата за јавни приходи, се дава прешироко право на инспекторите при Управата за јавни приходи, кои не се предвидени со Законот за управата за јавни приходи. Споменатиот член од Законот за управата за јавни приходи се толкува само во смисла кај инспекторите од оваа Управа, кога вршат контрола во одреден субјект, имаат право да бараат докази и информации кај други субјекти и банки во РМ, иако од контекстот на тој Закон, од неговиот член 13, сосема јасно се гледа дека даночната инспекција или инспекцијата, Управата за јавни приходи, може да сослушува обврзници, сведоци, да прибавува писмени изјави, докази за факти од значење за утврдување на јавните приходи и друго, исклучиво кај субјектот, сега ова го повторувам, кај субјектот кај кој што се врши контрола. Во спорот за кој сега расправаме не се врши инспекција или контрола за уплаќање на даночните приходи од страна на банките, туку за даночните обврски на нејзините комитенти.

Ваквото мислење на Законодавно - правната комисија или толкување се коси и со Законот за Управата за јавни приходи, заради тоа што штетно и негативно може да влијае врз онака не доволната доверба во банкарскиот систем во Република Македонија во овој момент. Инаку доколку не се корегира толкување и како такво биде потврдено од ова Собрание, јас лично сметам дека ќе има соодветен негативен удар врз работењето на банките. Само да потсетам дека, согласно Уставот, согласно законите, сите влогови штедни или други, на приватни или правни лица во Република Македонија во банкарскиот систем, се на некој начин деловна тајна. Ова мислење исто така не е во согласност или толкување

како што се вели овде и со членовите, 13, 15 и 17 од Законот за управата за јавни приходи и други членови, бидејќи тие децидно утврдуваат дека при вршење на контрола од инспекторите, сите дејствија се вршат исклучиво таму каде што се врши контролата, во овој случај кај други субјекти, не кај банките.

Дозволете да укажа и на фактот дека со Законот за банки и штедилници кој некој го нарекува "лек специјалис", меѓутоа, тој е закон како и сите други во оваа држава. За работењето на банките е јасно дефиниран институтот деловна тајна во односите на банките со своите комитенти, кои мораат стриктно да се придржуваат кон оваа регулатива за да ги сочуваат својот кредибилитет и рејтингот во односите што ги остваруваат со своите комитенти чувајќи ги податоците, информациите со степен на доверливост, каква што е пропишана со законот.

Имено, поимот деловна тајна е една од основните начела на банкарското работење како во Македонија, така и во светот. Согласно одредбите на Законот за кој зборуваме податоците и документацијата на комитентите можат да се даваат, значи деловната тајна може да се прекрши исклучиво по барање на суд. Барањето на Управата за јавни приходи нема силина како и барањето на судот за да се отворат досиејата на комитентите на банките.

Законот за банки и штедилници се разбира е еден сегмент од правниот систем на државата и тоа не значи дека банките почитувајќи или применувајќи ги неговите одредби, се издвојуваат од целината на правниот систем, во рамки на правниот систем тие тоа го работат и баш напротив банките спроведувајќи го Законот за банки и штедилници на некој начин придонесуваат за зајакнување на правниот систем, зајакнување на рејтингот на банкарството, па на тој начин и рејтингот на финансискиот систем на државата внатре и надвор од Македонија. Со самиот факт што банките имаат право да даваат податоци само по барање на судот, а не и по барање на државни органи, како што е Управата за јавни приходи, тие не го кочат откривањето на субјекти и сторители на не законите дејствија, како што имаше мислења Владата, доставена до Собранието по повод ова барање, бидејќи Управата за јавни приходи и полициските органи и други доколку докаже или се сомневаат дека постои основани сомнение за противзаконско работење на своите комитенти и на тој начин да влезат во банкарските архиви, односно во банкарската документација.

Значи применувајќи го Законот за банки и штедилници, банките, полицијата, инспекциските органи, Управата за јавни приходи би се движеле во рамки на пропишаните законитости, меѓутоа не и без да го спроведуваат и овој закон. Управата за јавни приходи покрај својот закон треба да ги применува и сите други закони на територијата на Република Македонија. Со ваквото постапување банките не се издвојуваат од правниот систем, туку спротивно придонесуваат за него.

Само да потенцирам уште една изјава која ја има дадено премиерот на Владата на Република Македонија, според печатот, која не е досега демантирана при посетата на "Мак стил" на 25 и 26 март, е објавена во дневните весници и таа гласи цитирам: "Ние сме единствената држава, која не го испитува потеклото на капиталот, туку во изминатите десет години Македонија премногу го испитуваше неговото потекло, па затоа немаше капитал. Погледнете многу европски држави па ќе видите како работат. Затоа ќе гледаме кој ќе даде пари и кој ќе понуди посериозна програма".

Не ја цитирам оваа изјава за да се согласам или да не се согласам со тоа што го кажал господинот премиер, туку ја цитирам само за да укажам дека и господинот премиер сакал да укаже на фактот и дека контролата која ја врши државата во банкарскиот систем, почнува да станува проблем како што тој кажува, кој не постои никаде во светот.

И затоа мислам дека поаѓајќи од сето ова, Парламентот треба да изгради став во кој нема да го усвои прво толкувањето на Законодавно - правната комисија, мислењето дека нема потреба од толкување и да изгради толкување дека има потреба од толкувањето во насока во која го даде на пример Комисијата за финансирање и буџет и во која се обрати Здружението за банкарство. Инаку јас не гледам помеѓу другото и како би се заштитило банкарското работење и приватноста во Република Македонија, доколку на пример директорот на Управата за јавни приходи во тоа време Станинов, сега друг и неговите инспектори, можат без судски налог да влезат во досиејата на банките и да ги видат приватните досиеја, односно приватните сметки. Еве, да не кажувам имиња за да не се сфати погрешно на било кого во оваа држава, а при тоа да не поседуваат судски налог и тоа да го правдаат со барање на можност дали некој врз основа на парите

кои таму постојат уплаќал даноци. Тоа е можно, тоа никој не го спречува само под еден услов, за тоа да се добие судски налог. Доколку нема судски налог компензацијата на судски налог не може да претставува налогот на директорот на Управата за јавни приходи. И од тие причини не штитејќи некој државен функционер некој ресор или мислење на Влада, туку напротив штитејќи ја позицијата на нашата држава, на секој комитент во банките и на секое приватно лице штедач во банките.

Сметам дека треба да се врати назад ова мислење и да се изгради ново, со кое ќе се толкува во насока на мојата дискусија членот од Законот за управата за јавни приходи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Има збор госпоѓата пратеник Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги пратеници и во својство на член на Законодавно - правната комисија и се разбира неизбежно како вработена во Македонска пошта, во чиј склоп е Поштенска штедилница, јас го искажав своето мислење на ЗПК, но со оглед дека немаше слух за таквото нешто, гласањето си го покажа своето и на крајот доведе до таков извештај каков што сега го имаме пред нас.

Јас чувствувам потреба повторно да го кажам своето мислење врз основа на барањето за автентично толкување на член 15 од Законот за Управа за јавни приходи, добивме мислење од Влада, кое што беше на разгледување на ЗПК, а по завршување на Комисијата и извештај кој што е сосема еднаков на мислењето од Влада, не се разликува во ништо и со истиот не се согласувам од кои причини ќе образложам на следниот начин.

Имено, мислењето од Влада се заснова на член 13, член 15 и член 17 од Законот за управа за јавни приходи на критериум за чесност на комитентите во банките и на примената на институтот деловна тајна за физички и за правни лица. Значи многу е битно кога се повикуваме на член од Законот, истиот да го исчитаме во целост и да го протолкуваме онака како што е напишан. Со тоа сакам да кажам дека членот 13, на кој што се акцентира и во мислењето на Владата и во извештајот на ЗПК таму каде што се таксативно наброени ингеренциите на Управата за јавни приходи, односно на даночната инспекција, на самиот почеток во став 1 во членот се вели: "Даночната инспекција кај даночните обврзници особено ги врши следниве работи". И со цел да не набројувам понатаму со таксативно наброени работите кои што ги врши даночната инспекција, но кај даночниот обврзник.

Во овој случај не се работи за даночниот обврзник, туку се работи за банката, кај која што правното лице е комитент. Значи неспорно е кога даночната инспекција си ја врши својата работа онаму каде што субјектот е предмет на инспекцијата, да може врз основа на своите овластувања да ги искористи правата и овластувањата од член 13 поврзан со член 15 и член 17 се со цел, бидејќи имаше објаснувања околу овие членови на Законот за управа за јавни приходи.

Да не го доведеме во заблуда пратеничкиот состав, јас би сакала да проговорам и околу член 15 и член 17 и за критериумот за чесност на комитентите. Значи споменав поврзано со член 13, членот 15 повторно се однесува на субјектот на контролата од даночните инспектори. Имено, во став 1 вели: "При вршење на контрола, инспекторот привремено до завршување на постапката има право да одземе предмети и работни книги и да забрани вршење на одредени работи и да забрани вршење на дејност кога тоа е одредено со закон, а е одредено со закон". Нема да го коментирам членот 17, со оглед дека колегите веќе зборуваа околу членот 17. Но, околу критериумот на чесност на комитентите. Сметам дека таквиот критериум кој што е наведен во мислењето од Влада навредува, заради тоа што банката не е во состојба да одреди критериуми за вршење на соработка со комитентите, односно за чесноста на комитентите. Законот за управа за јавни приходи во член 23 го регулирал истото и вели дека: "Доколку инспекторот утврди дека постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, стопански престап или прекршок, без одлагање е должен да поднесе барање, односно пријава до Јавното обвинителство и судот за прекршоци што е сосема во ред, но повторно се однесува на субјектот на вршење на контролата. Ако се акцентира на член 13, 15 и 17 и ако во мислењето се вели дека Законот гледајќи го во целост упатува на немање потреба од автентично толкување, бидејќи сосема е јасен членот 15, тогаш јас велам, сосема е јасно и пратеничкиот состав треба да има разбирање дека токму законот во целост

упатува и во својот член 4, член 3, 2 и 1, се извинувам што наназад почнав да ги посочувам членовите, вели дека со овој закон Управата за јавни приходи се утврдуваат работите на утврдување, контрола и наплата на јавни приходи од даночните обврзници. Значи повторно повторувам, да не сме во заблуда, даночниот обврзник и комитент во банката се две различни категории и со тоа не можеме членовите 13, 15 и 17 да ги упатиме на работењето на банката, бидејќи Законот за банки и штедилници јасно и прецизно го утврдува работењето на банката и исто така статутот на банките и штедилниците го дорегулира таквиот однос на работење на банката и штедилницата со своите комитенти. Значи институтот деловна тајна, кој што во пречистениот текст е член 71 е сосема јасен и прецизен и она што беше споменато дека член 74 се однесува на физички лица, тоа исто значи дека член 74 не се однесува на член 71. Имено во институтот деловна тајна работоводниот орган, работниците со посебни овластувања, вработените во банката и други лица на кои им е овозможен пристап во работењето на банката, не смеат да ги откријат податоците и информациите кои се со закон и со статут на банката утврдени како деловна тајна на банката. Бидејќи се заинтересирав околу неколку статути на банките за да ги разгледам, тоа е точно регулирано и утврдено во актот на банката, што значи нема дилема во примената на член 71 и во институтот деловна тајна. Со самиот факт што банката има право да дава податоци, но само по барање на судот, односно со судски налог со тоа не го нарушува правниот систем во државата и таа исто не е кочница на откривањето на субјекти кои што се сторители на некои незаконски дејствија. Имено, апелирам до пратениците разумно да го почитуваме, применуваме и во интерес на законот да го отфрлиме извештајот на ЗПК и мислењето и повторно да го ставиме на размислување потребата или не потребата од автентично толкување тоа ќе го каже гласањето на крајот по завршувањето на дискусијата по оваа точка од дневниот ред. Исто така во интерес на довербата кон банките, заради тоа што имавме практичен пример кога видовме дека физичките лица кои што сега велиме заштитени се со закон, но од своите штедни влогови не можеа да си ги вратат од банките и тоа создаде толку голема недоверба што дојде до состојба штедење под перница, а тоа исто така се разбира е штетно за банкарскиот промет. За да не се ставиме во ситуација и во овој момент правните лица да ја стекнат таквата недоверба кон банките и штедилниците, а со тоа да дојде до ситуација на губење на комитенти кое што ќе се одрази секако на рејтингот на банките, но се разбира и врз стопанството на Република Македонија. Апелирам со разумот на пратениците да гласаме против усвојување на извештајот на ЗПК, заради тоа што јас и на самата комисија така се произнесов и повторно да го разгледаме барањето за автентично толкување на член 15 од Законот за управа за јавни приходи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Наталија ДимоваМарковиќ за учество во расправата.

Веројатно почувствува потреба претседателот на Законодавно - правната комисија господинот Кирил Андоновски да даде дополнителни објаснувања.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас уште еднаш се јавувам во врска со ова прашање Извештајот. Јас во почетокот го прочитав барањето за автентично толкување. Барањето упатува да се толкува член 15 до Законот за управата за јавни приходи, а упатува на Законот за банки и штедилници како "лек специјалис", каде се зборува и за деловна тајна, што е деловна тајна. Самите кажуваат дека институтот деловна тајна е нормиран само за физичките лица, кои што работат со тековни сметки и жиро сметки, само за нив. И самите укажуваат во самото барање отсуствуваат одредби за регулирање на односите спрема правните лица. И не би сакал да ги мешаме работите како што рекоа со толкувањето на барањето на нотарите. Јас дискусијата на господинот Никола Поповски ја сфатив како начелна дискусија на некој закон, а не како некое толкување од причина што исто така и за нотарите побаравме мислење ние од матичната комисија во кое мислење тој добро и образложи. Меѓутоа исто така побаравме мислење и во врска со ова барање на автентично толкување од неговата матична комисија. Меѓутоа, неговото мислење е со три збора каде што вели дека треба да се даде автентично толкување, бидејќи член 15 не го овозможува тоа. Меѓутоа, мислењето, мислам дека знае Никола Поповски нас како ЗПК не не обврзува. Ние можеме да го имаме во предвид, но не значи дека и треба да го земеме, на пример да го вградиме во нашиот извештај. Мислам дека Никола го знае тоа. Јас уште еднаш, дури банките вели дека банките мораат да го вградат

својот кредибилитет и рејтинг врз квалитетот на односите што ги остварува со комитентите. На пример ако на ваков начин се гради кредибилитетот на банките, тогаш подобро да не се гради.

И друго сакам да кажам дека се повикува стално на деловна тајна. Еве што вели законот за банки и штедилници за деловна тајна. И не би сакал ние да правиме аналогија од нешто што никаде го нема. Само податоците за штедните влогови и за сите депозити на физичките лица, кои што работат и со девизни и со жиро сметки, само тие се деловна тајна. Веројатно законодавецот имал во предвид дека деловна тајна не се и работите сврзани со правните лица. Ако било така, сигурно и овде ќе било наведено: физичките и правните лица.

Мислам дека тука е јасно. Ние сега можеме да прикажуваме колку сакаме, меѓутоа Законот треба да се чита како што гласи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кирил Андоновски.

За збор се јави господинот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Во врска со извештајот на ЗПК по толкувањето на член 15 сакам да го кажам својот став гледајќи го од друг аспект, не од правен аспект кој што неколку правници денес колеги пратеници дадоа свои толкувања, повикувајќи се на неколку членови од различни закони. Меѓутоа, знам со сигурност дека искуството, но и во делот на стопанството деловната тајна е едно од основните начела во банкарското работење. Мислам дека не би требало извештајот на Законодавно - правната комисија да биде прифатен, а за тоа дали вакви, или онакви средства располага одредено правно лице или физичко лице, добро и јасно е кажано дека може да се изврши проверка во банката со судски налог, доколку има основано сомнение. Меѓутоа, секој инспектор да може да врши контрола без судски налог и оваа институција за нарушување на деловната тајна, мислам дека ќе биде погубно за банкарското работење во Република Македонија.

Затоа се изјаснувам дека ќе гласам против прифаќањето на овој извештај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедо Петров за учество во расправата.

За збор се јави потпретседателот на Собранието господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, јас сум член на ЗПК и сакам да се гласа за одлуката што ви е овде доставена. Да кажам зошто е тоа направено.

Колегите пратеници не сакам да ги прашувам што им е интересот, зошто така мислат и кој е нивниот став. Меѓутоа, јас ќе говорам за примена на закон и за толкување на законите. Некои од говорницата говореа дека било повредено право и органот на Управа за приходи не бил овластен ова да го прави без одобрение на судски органи, односно од судии.

Во нашиот позитивен правен систем, постојат кривично правни и административно правни одговорности и надлежности. Ако навистина, Органот на управата, немал такво овластување, како што се залагаат одредени колеги овде, се повеќе се тие од сферата на стопанството. Тогаш, кога ќе дојде жалбата, ако ја направил Органот на управа, односно направил престап или немал овластување, со два реда ќе се напише дека решавал и работел ненадлежен орган.

Тогаш второстепениот орган ќе донесе одлука, бидејќи таква работа ја донел ненадлежен орган. Ако и тој биде негативен за нив, имаме судска истанца во Управата. Овде се работи за управниот дел од правото и тогаш Врховниот суд, со управна постапка ќе оцени дали има пречекорувања или нема, дали работел некој овластен или неовластен орган. Зошто сега толку се брза, да се добие од нас овдека толкување на Законот, некои да ги ослободиме, бидејќи без да се впуштаме во редовна постапка работел надвор од овластувањата, па Уставот зборува, само за забранети работи. Законот говори за банките, кои се овластени, односно заштитени со закон, да не се бара од нив податоци. Тоа се физичките лица. Штом нема да се зборува за забрана и за правните лица, останува основното правило за Уставот. Се што не е забрането, е дозволено.

Сега, банките, веројатно, се тргнати од свој интерес внатрешен, бараат да го менуваме и Уставот и Законот. Господата, кој мислат дека има друго сфаќање и Органот за приходи, ги пречекорил своите права, нека дозволат во редовна постапка тоа да се докаже. Овде зборуваме, не за нејасност на пропис, туку за негова

примена. Ако се работи за погрешна примена, тогаш ние не сме надлежни, туку сме надлежни само ако прописот е нејасен. Овде е јасно и гласно кажано, заштитени се само физичките лица, правните лица не се заштитени. Према тоа, ние треба да го прифатиме ставот на Законодавно - правната комисија и јас тој став ќе го поддржам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Томислав Стојановски.

Збор има господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се јавив за збор претседателе, да кажам дека се работи за сериозен проблем, по кој се дискутира сега, иако може, несериозен пристап да добие и самата точка на дневен ред, како маргинална точка на дневен ред.

Сакам да укажам само на тој дел, доволно беше елаборирано и од стручен аспект, за позицијата во која се најдовме ние, како Законодавно - правна комисија.

Јас само сакам да укажам на можните, големи последици, што можат да настанат, во врска со усвојувањето на ваквиот предлог на Законодавно - правната комисија.

Основниот принцип на банкарското работење, за тајност и доверливост, со оглед дека денеска се води јавна расправа во Парламентот на Република Македонија и допира до сите можни субјекти во Републиката и надвор од Републиката, оваа расправа може да предизвика многу тешко последици за банкарскиот систем, а оттаму за државата Македонија.

Принципот на тајност и доверливост, треба максимално да се запази. Дури, иако во позитивните законски прописи постои некоја можност, во смисла да се поткрепи фактички мислењето на сега актуелно, на Законодавно - правната комисија, Во таа смисла, дека заштита имаат само физичките, а не и правните лица, тогаш под итно треба овој Парламент да интервенира во законите: тоа на недвосмислен начин да се каже, пред се во Законот за банки и штедилници на заштита и разработка на принципот на тајност на работењето. Во спротивно, се нанесува тежок удар на работењето на банкарскиот систем и последиците ќе бидат несогледливи.

Само толку сакав да интервенирам во ова прашање, а доколку евентуално и по овие дискусии, Собранието го усвои овој предлог на Законодавно - правната комисија, нужно е итно да се интервенира во законите, од аспект на ова што зборувам, да не се предизвика во иднина огромна штета, што може да настане за банкарскиот систем, а со тоа и за државата Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Наќе Стојановски за учеството во расправата.

Дами и господа пратеници, ние нешто се договоривме. Договорот малку го пречекоривме, но гледам дека има уште расположени за дискусија по ова прашање. Сакам да го апсолвираме ова прашање и да дадеме пауза. Но бидејќи имаме уште двајца дискутанти, тоа се господата пратеници Хисни Шаќири и Васил Ефтимов, ако се согласите, ние да прекинеме сега со расправата, бидејќи веќе е 15,00 часот, да продолжиме во 16,00 часот, но ако не бидете во 16,00 часот тука, јас веднаш ќе ја прекинам седницата. Вчера имавме многу лошо искуство, по паузата немавме мнозинство и во таква ситуација, навистина, сме несериозни пред јавноста.

Според тоа, предлагам еден час пауза до 16,00 часот и во 16,00 часот ќе продолжиме со расправата. (По паузата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по деветтата точка од дневниот ред.

За збор се јави господинот пратеник Васил Ефтимов.

**ВАСИЛ ЕФТИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Законодавно - правната комисија дава толкување на закон, затоа што и барањето од страна на Стопанската комора, бара толкување на членот 15, од Законот за Управата за јавни приходи. Дали има последици или не, тоа е прашање на законодавецот, односно да бара промена на законот, односно измена на законот.

Во законот стои, физички лица, а не правни лица. Според тоа, господинот Наќе даде добар изговор, дека треба да се бара измена на законот.

Во мојата практика, ако банките не даваат информации за своите комитенти, на Органот за јавна управа, во тој случај, може да се случи, многу претпријатија да вршат криминални дејствија.

По мое мислење, а тоа веројатно, ќе го поддржат и другите членови на Парламентот, оној кој се плаши, односно правното лице, кое се плаши од контрола на

Управата за јавни приходи, тоа значи дека работи незаконски. Оној кој работи законски, нема што да се плаши од Органот за јавна управа.

Според тоа, јас ќе гласам за извештајот на Законодавно - правната комисија и ќе барам поединечно изјаснување, за да види и јавноста, кој се плаши од Органот за јавна управа, односно од Органот за јавни приходи, а кој не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Васил Ефтимов за учество во расправата.

Има збор господинот пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитувани колеги, ја слушав расправата по однос на оваа точка, особено од колегите правници, кој се протоколарно ангажирани во оваа сфера, ги слушав внимателно аргументите на претседателите на собраниските тела. Сега имаме ситуација, нивните заклучоци се спротивставени. Тоа пред мене отвора една дилема, претпоставувам и кај останатите пратеници, дали ќе дојдеме во ситуација, Собранието да го атакува и институтот на деловност и тајност на банките, што кај мене навистина предизвикува загриженост.

Мислам дека треба да се направи обид, Законодавно - правната комисија, можеби во содејство со Комисијата за финансирање и буџет, од кое е впрочем побарано стручно мислење, да седнат заедно повторно, да ја анализираат целата работа и ако констатираат дека има потреба од корекции на законот, тоа да се направи, да предложат корекции на законот по тој сегмент, односно во тој член, кој е спорен на некој начин, за да не бидеме вовлечени во една непријатна ситуација, да го атакуваме она што е основно правило на банкарството во светот, деловното работење, односно деловната тајна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Јованов за учество во расправата.

Дами и господа пратеници, со оглед на тоа дека никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 15, од Законот на Управата за јавни приходи, "Службен весник на Република Македонија" број 80/93, поднесено од Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанската комора на Република Македонија, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во овој извештај на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок, заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанската комора на Република Македонија.

Ве молам да гласаме по предложениот заклучок.

46 пратеници гласале "за", 7 "воздржани" и 23 пратеници се "против".

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Со оглед на тоа дека имаме претставник од Владата по четвртата точка од дневниот ред: тоа е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон. Да се навратиме на четвртата точка, а потоа ќе продолжиме по дневниот ред. По другите точки немаме претставници на Владата.

Значи минуваме на точката четири - Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно - правната комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за домување.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласаа "за", тројца "воздржани", а против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

72 пратеника гласаа "за", еден е "воздржан", а еден е "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеника гласаа "за", четворица се "воздржани", а "против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за домување.

По втората и третата точка од дневниот ред, се уште немаме претставник од Владата.

Според тоа, ќе поминеме на десеттата точка од дневниот ред: Предлог на декларација за поддршка на Барањето за отворање на паралелка на албански јазик, во Гимназијата Јосип Броз Тито во Битола.

Предлогот на декларацијата, дописот на Законодавно - правната комисија, извештајот на Комисијата за меѓунационални односи, како и Мислењето на Владата на Република Македонија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господо.

Јас би сакал Собранието да ја одложи расправата по оваа точка, со оглед на тоа што г-динот Тахири, во својство на предлагач, не е присутен, или на крај, додека ние расправаме по другите точки, исто како што ги поместивме останатите точки и оваа точка да ја оставиме за на крај, за да си обезбеди негово присуство. Не би било добро без негово присуство ние да расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Вие предлагате точката да ја одложиме за на крај.

Дали Собранието се согласува со овој предлог. (Се согласува).

Тогаш оваа точка ќе ја разгледуваме на крајот од дневниот ред.

Минуваме на Единаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа "за", двајца се "воздржани" и двајца се "против".

Констатирам дека Собранието ја разреши Магдалена Краљевска од функцијата судија поротник на Основниот суд во Прилеп.

Минуваме на Дванаесеттата точка од дневниот ред – Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

65 пратеници гласаа "за", 5 "воздржани" и 11 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на Тринаесеттата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација душевна болница Демир Хисар.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

73 пратеници гласаа "за", 5 "воздржани" и 3 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација душевна болница Демир Хисар.

Минуваме на Четиринаесеттата точка - Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Македонската радио и телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

69 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 5 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Македонската радио и телевизија.

Минуваме на Петнаесеттата точка од дневниот ред - информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Г-дине претседателе, во име на пратениците кои ја баравме оваа информација, да кажам дека ја прифаќаме информацијата и со неа сме задоволни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Томислав Петровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по оваа информација и со тоа сметам дека информацијата е усвоена.

Минуваме на Шеснаесеттата точка од дневниот ред - Информација за состојбите со водоснабдувањето на Свети Николе.

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, денес ја гледам информацијата за состојбите за водоснабдувањето на Градот Свети Николе.

Морам на почетокот да кажам дека вака изготвената Информација не е целисходна и ова што деновиве ја бранува јавноста, тоа е дека она што во Информацијата требаше да биде, дали водата во Општината, односно Градот Свети Николе е исправна за пиење, не е кажано, иако меѓу редови стои дека водата во Општина Свети Николе е на границата на исправноста.

Вака кажано во делот на Информацијата, таа е непотполна затоа што јас барав да се направат дополнителни испитувања, да се направат анализи и во самата информација требаше да стојат комплетно дадени податоци со статистика. Она што ја бранува јавноста тоа е дека старата технологија која се применува во филтер станицата во Општина Свети Николе, стара е 20 години.

Посебно морам да му заблагодарам на претседателот на државата, г-динот Борис Трајковски кој во редовната посета во единиците на локалната самоуправа и тој беше на лице место со министерот за градежништво и урбанизам Душко Кадиевски, кои се уверија дека водата за пиење во Градот Свети Николе не е за употреба. На самото место министерот Кадиевски одобри 133 илјади германски марки, кои ќе бидат директно користени за артерски бунари, како алтернативно решение за снабдување на Градот Свети Николе.

Она што деновиве во некои јавни гласила го пишуваат директорите на Јавното комунално претпријатие од Свети Николе, тоа е дали водата во Свети Николе е карциногена. Мислам дека тоа е изведен напис на новинарите, затоа што ниедна вода

во светот не е карциногена. Но, она што држи тоа е дека при хлорирањето кое треба да биде ударно и треба да изнесува еден милиграм до два милиграма, во моментот, во почетната фаза во Свети Николе е 5 до 6 милиграми, што со зголемените органски материи прават 3 хлорметани, кои се опасни по здравјето. Тоа е вистината.

Ова прашање може да се надмине единствено ако се одобрат средства и ако Владата заземе став да обезбеди дополнителни средства за подобрување на филтер станицата и бушење на артерски бунари.

За да се надмине сето тоа, Министерството за екологија требаше да направи додатни испитувања, затоа што во моментот Јавното комунално претпријатие во Свети Николе нема средства со кои би ја платило големата анализа, затоа што да испадне вистината во Македонија, ние немаме установа која може да направи додатна, голема анализа на водата. Се прават секојдневни испитувања на мали анализи на водата, која не ја отсликува реалната состојба за состојбата и квалитетот на водата за пиење. Од тие причини барам и молам Министерството за екологија да испрати стручни екипи на терен, да земат мостри и да се испита водата во сите делови на Градот и од суровата и од преработената вода. Понатаму Министерството за здравство да даде комплетна анализа, во текот на изминатата година одделно за секој месец какви се испитувањата.

Од тие причини мислам дека оваа Информација не е целисходна и не ја дава реалната состојба, иако таксативно тука се наброени некои активности кои треба да се направат во перспектива. Тоа значи дека не сум задоволен од Информацијата и барам Информацијата да се врати во Владата, да се доработи и да се направат анализите и со додатните анализи да се каже дали водата на Општина Свети Николе е исправна или не е исправна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Слободан Даневски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по оваа Информација.

Гледам дека сеуште немаме претставник од Владата.

Инаку да ви кажам дека министерот за финансии вчера ме замоли, во првиот дел од сесијата да ги повлечам овие две точки за на крај, затоа што вети дека ќе дојде во вториот дел на сесијата, но сеуште го нема.

Ние овде имаме претставник од Министерството за финансии, меѓутоа, тој не е овластен за да може да дава валидни одговори на пратениците.

Според тоа сега ќе се вратиме на десеттата точка, тоа беше онаа посебна одложена точка, по барање на координаторот на Пратеничката група на ПДП, г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, јас реков, со оглед на фактот што не е присутен предлагачот, да ја одложиме точката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај, ако барате да ја одложиме точката, ние со тоа го имаме исцрпено овој дел од дневниот ред.

Имаме уште две, односно со оваа уште три точки, па според тоа дополнително ќе биде закажана следната седница.

Ми се чини тоа ќе биде во вторник идната недела.

Ја заклучувам работата на денешната седница.

(Седницата заврши во 16,25 часот).